# СЕКСУАЛНА ИЗНУДА КАКО ДЕЛО НА КОРУПЦИЈА:



# ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ОДГОВОР


ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

ISBN: 978-92-9271-009-5

# СЕКСУАЛНА ИЗНУДА КАКО ДЕЛО НА КОРУПЦИЈА: ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ОДГОВОР



декември 2021

**НАСЛОВ:** Сексуална изнуда како дело на корупција: правен и институционален одговор

**Автори:** Д-р Марија Ристеска

Љупка Трајановска МА

**Превод и лектура:** BESTEL DOOEL Skopje

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

www.osce.org/skopje
© OSCE Mission to Skopje 2021

Сите права се задржани. Содржината на оваа публикација може слободно да се користи и да се умножува во образовни и во други некомерцијални цели, под услов при секоја таква репродукција да се наведе Мисијата на ОБСЕ во Скопје како извор.

Материјалите во оваа публикација служат само за полесно реферирање. Иако Мисијата на ОБСЕ во Скопје вложи најголема грижа при нивниот развој, таа не прифаќа никаква одговорност за точноста и за комплетноста на дадените информации, упатства и совети или за какви било настанати грешки при печатење. Содржината на оваа публикација, ставовите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците изразени овде, не мора да ја одразуваат официјалната политика или позицијата на ОБСЕ. Од овие причини, кон ОБСЕ не може да има побарувања во однос на потенцијални последици од потпирањето на информации или заклучоци содржани во оваа публикација.

# Содржина:

**ВОВЕД** 5

**Што е сексуална изнуда или сексторција како дело од корупција?** 5

**Кои услови треба да се исполнети за сексуалната изнуда да е дело на корупција?** 7

**Сексуална изнуда и влијанието на родовата еднаквост** 8

**Методолошки пристап во истражувањето** 11

**ПРАВНА АНАЛИЗА** 13

**Вкрстување на корупција и родово базирано насилство** 13

**Терминолошко определување и односот сторител-жртва на сексуална изнуда** 19

**Прекршочна или кривична одговорност?** 21

**Постапка за пријавување и постапување** 23

**МЕЃУНАРОДЕН КОНТЕКСТ** 26

**Анализа на меѓународни конвенции и иницијативи** 26

**Конвенција на Обединетите нации (ООН) за борба против корупција (УНКАК)** 26

**Конвенцијата на Кривично право за корупција на Советот на Европа (CoE)** 27

**Конвенцијата на Граѓанско право за корупција на Советот на Европа (CoE)** 28

**Група држави против корупција (ГРЕКО) – Совет на Европа** 28

**Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство – Истанбулска конвенција** 29

**КОМПАРАТИВНА ЗАКОНСКА АНАЛИЗА** 31

**Држави од Западен Балкан** 31

Црна Гора 31

Босна и Херцеговина 32

- Федерација Босна и Херцеговина 32
- Република Српска 33

**Држави членки на Европската Унија** 34

Словенија 34

Финска 35

**Држави членки на ОБСЕ** 35

Швајцарија 35

Киргистан 36

**Држави од Соединетите Американски Држави** 37

Калифорнија 37

Арканзас 38

**ГЛАВНИ НАОДИ ОД ИНТЕРВЈУАТА И ФОКУС ГРУПИТЕ** 40

**Главни наоди добиени од интервјуата** 40
Препознавање родови форми на корупција 40
Застапеност на сексуалната изнуда во Северна Македонија 40
Пријавување и санкционирање сексуална изнуда 41
Законска регулатива 41
Институционален одговор 42

**Главни наоди добиени од фокус групата со претставници од локалната самоуправа** 42
Препознавање родови форми на корупција 42
Застапеност на сексуална изнуда во Северна Македонија 42
Пријавување и санкционирање сексуална изнуда 43
Законска регулатива 43
Институционален одговор 43

**Главни наоди добиени од фокус групата со претставници од граѓанскиот сектор** 44
Препознавање родови форми на корупција 44
Застапеност на сексуална изнуда во Северна Македонија 44
Пријавување и санкционирање сексуална изнуда 45
Законска регулатива 45
Институционален одговор 45

**Главни заклучоци** 46

**КУЛТУРА И СВЕСТ** 47

**ПРЕПОРАКИ** 50

**Препораки за правно регулирање на сексуалната изнуда како форма на корупција** 50
**Препораки за ефикасен институционален одговор при случаи на сексуална изнуда** 50
**Законодавна препорака за регулирање на сексуалната изнуда во Кривичниот законик** 51
**Предлог 1** 52
**Предлог 2** 53
**Нацрт-одредби за регулирање на сексуалната изнуда во Законот за спречување корупција и судир на интереси** 53
**Нацрт-одредби за регулирање на сексуалната изнуда во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство** 54

**АНЕКС I** 55

**Список на интервјуирани релевантни чинители** 55
**Список на претставници од единиците на локалната самоуправа со кои се одржани фокус групи** 56
**Список на претставници од граѓанскиот сектор со кои се одржани фокус групи** 56

# Вовед

## Што е сексуална изнуда или сексторција како дело од корупција?

Сексуална изнуда или сексторција се случува кога на луѓето им се изнудува сексуална услуга во замена за вршење на функцијата што некому му е доверена. Поради тоа што престапниците ја злоупотребуваат својата функција за лична цел, делото се квалификува како корупција. Постојат истражувања како она на Bullock and Jenkins (2020), кои покажуваат дека корупцијата воопшто има поголем негативен ефект врз маргинализирани групи што се должи на асиметријата што постои во однос на позициите на моќ во одлучувањето или на работа[1]. Жените се пропорционално многу повеќе жртви на сексуална изнуда отколку мажите.

Постојат два вида корупција:

(i) договорна корупција каде што страните што се вклучени во корупција имаат претходен договор што прави делото на корупција да биде направено со обострана волја на страните; и

(ii) изнудена корупција каде што една од страните е вклучена во директна, отворена или индиректна, затскриена изнуда на другата страна, жртва[2].

Изнудата може да биде пари, подароци, па дури и секс во замена за пристап до услугите, добрата или процедурите, со кои првото лице кое изнудува раководи, носи одлуки или ги води. Првиот вид договорна корупција вклучува „инсајдери“ и нивните клиенти што заеднички договараат да извлечат од јавната функција корист или предност пред другите што се натпреваруваат на пазарот. Овој вид корупција вклучува моќни фигури од политичкиот и од економскиот живот, додека вториот вид – изнудена корупција – повеќе вклучува маргинализирани групи, кои немаат пристап до моќ, а во голем број случаи вклучува жени. Некои жени се принудени на сексуални услуги за да им се пружат основните јавни услуги, вклучувајќи ги и здравствените услуги или образованието. Родовите стереотипи и од нив формираните очекувања од однесувањето на мажите и жените, ги ставаат жените во поранлива положба и ги принудуваат да го користат сексот како ‘валута’ за поткуп/добивање услуга,

[1] Bullock, Jessie and Matthew Jenkins (2020). Corruption and marginalization,Transparency international, available online: https://knowledgehub.transparency.org/assets/uploads/helpdesk/Corruption-and-marginalisation.pdf

[2] Gabriela Camacho (2020) Corruption and gender equality: A summary of existing research, Transparency international, available online https://www.u4.no/publications/corruption-and-gender-equality-hd.pdf

пристап до јавно добро или работна позиција; која им следува доколку системот не е корумпиран. Истражувањата покажуваат и дека жените и други маргинализирани групи се во поголем ризик од изнудена корупција поради тоа што имаат помал пристап до правда и заштита од експлоатација[3].

Secторција е форма на сексуална експлоатација и изнудена корупција каде што лице на позиција на одлучување или со авторитет, ја злоупотребува позицијата и моќта што ја има за да изнуди несакана сексуална активност од друго лице во замена за услугата, доброто, пристап до ресурс со кое првото лице управува, за кое одлучува или со кое раководи[4].

Терминот секторција како еден вид корупција за првпат е употребен во 2008 година од Меѓународното здружение на жени судијки (IAWJ), кога членовите забележале и судиите од различни региони пријавиле дека препознаваат еден специфичен вид корупција, за кој ретко се дискутира[5]. Оттогаш, терминот „секторција“ е усвоен од некои организации и може да се најде во литературата. Сепак, феноменот сè уште најчесто се споменува во литературата под други термини, како што се „трансакциски секс“, „сексуално вознемирување“ или „сексуални услуги“.[6] Во оваа студија наместо секторција ќе се користи терминот сексуална изнуда, бидејќи го опфаќа битието на делото и станува збор за кованица направена од термини што се користат во македонскиот јазик наместо зборот со туѓо потекло „секторција“.

[3] Bullock, Jessie and Matthew Jenkins (2020). Corruption and marginalization,Transparency international, available online: https://knowledgehub.transparency.org/assets/uploads/helpdesk/Corruption-and-marginalisation.pdf

[4] Меѓународната асоцијација на адвокати ја дефинира секторцијата како размена на секс наместо пари за добивање пристап до определена корист/придобивка до која жртвата на секторцијата можела да дојде легално, односно корист што ѝ следувала на жртвата (види во International Bar Association - IBA. 2019. Sextortion: A crime of corruption and sexual exploitation).

[5] Маја Лазарова (2020), Родовите аспекти на корупцијата со осврт на Република Северна Македонија, Мисија на ОБСЕ во Скопје, достапна онлајн: https://www.osce.org/files/f/documents/c/4/480937.pdf

[6] Hazel Feigenblatt (2020), Breaking the silence around sextortion: The links between power, sex and corruption, Transparency International, available online: https://www.transparency.org/en/publications/breaking-the-silence-around-sextortion

# Кои услови треба да се исполнети за сексуалната изнуда да е дело на корупција?

Потребно е да се постојат два елемента за да сексуалната изнуда се смета за коруптивно дело:

**Сексуална активновност**

- включува имплицитно или експлицитно барање за вклучувањ во некаков вид нескан сексуална активност, што може да варира од сексуален однос до разоткривање на делови од телото.

**Корупција**

- лицето што бара сексуална активност мора да се наоѓа на позиција на авторитет, којашто ја злоупотребува со барање или прифаќање сексуален чин во замена за вршење на функцијата што му е доверена - односно, престапниците ја злоупотребуваат својата функција за лична цел.

А за да делото се смета за дело од корупција, мора да бидат исполнети следните три услови:

1. Злоупотреба на јавна функција
2. Quid pro quo или „нешто за нешто“ - престапникот бара или прифаќа сексуални услуги во замена за обезбедување корист за која е овластен/а т.е. има моќ.
3. Психолошка принуда - сексуалната изнуда повеќе се темели на принуден притисок отколку на психичко насилство за добивање сексуална услуга.

Нерамнотежата во моќта меѓу престапникот и жртвата, му дозволува на престапникот да врши принуден притисок.

## Сексуална изнуда и влијанието на родовата еднаквост

Родовата перспектива во корупцијата е малку истражувана и затоа сè уште не се знае колкав е обемот на користење на сексуалната изнуда како коруптивно дело, ниту кое е влијанието на родовата еднаквост на овој феномен. Сепак, постојат студии што идентификуваат четири области каде што жената е поподатлива и може да биде жртва на овој вид корупција:

1) при пристапување до јавни услуги, пазари и кредити;

2) политичко учество;

3) родово базирани кривични дела (како сексуална експлоатација, трговија со луѓе и сл.); и

4) негрижа или лошо управување[7].

Заради родовиот систем во кој жените иако имаат еднакви права, но поради традициите, обичаите, преовладувачките родови улоги и стереотипи не ги остваруваат целосно своите права и де факто се нееднакви економски, политички и општествено со мажите. Жените поради историската дискриминација врз нив се поранливи поради тоа што се помалку образовани, немаат свои банкарски сметки, имот на свое име и тоа ги оневозможува да пристапат до јавни услуги, пазари и кредити. Goetz 2007[8]; IAWJ 2012[9]; Transparency International 2019[10]; UNDP-Huairou Commission 2012[11] забележуваат дека жените почесто се изложени на корупција во секторите образование, здравствена заштита, пристап до вода и санитарии, домување како и при добивање лични документи (вклучително и визи). Според директорката на Академијата за судии и обвинители во Република Северна Македонија, овој феномен „најмногу се појавува кога жената бара одредени права, кои ѝ следуваат, а зависат од одреден носител на моќ, власт, позиција, каде што е негова дискреција дали тие

---

7 SIDA. 2015. Gender and Corruption Brief

8 Goetz, Anne Marie (2007). "Political Cleaners: women as the New AntiCorruption Force?" Development and Change 38(1):

9 International Association of Women Judges (IAWJ) (2012) Stopping the Abuse of Power through Sexual Exploitation. Naming, shaming and ending sextortion. A Tool Kit. Washington. http://www.iawj.org/wpcontent/uploads/2017/04/Corruption-and-Sextortion-Resource-1.pdf

10 Transparency International (2019) Global Corruption Barometer for Latin America and the Caribbean, URL: https://www.transparency.org/files/content/pages/2019_GCB_LatinA merica_Caribbean_Full_Report.pdf

11 UNDP-Huairou Commission (2012) Seeing beyond the state: Grassroots women's perspectives on corruption and anti-corruption, https://www.undp.org/content/dam/undp/library/Democratic%20Governance/Anti-corruption/Grassroots%20women%20and%20anticorruption.pdf

права ќе ѝ ги овозможи или не“.[12] Goetz (2007) на пример тврди дека „жените се соочуваат со различни форми на малтретирање и коруптивно однесување од страна на носителите на јавна функција поради тоа што валутата за размена што се бара од нив во однос на таа што се бара од мажите е невидлива“[13].

„Ако на клучните функции се мажи, тие избираат слични на себе. Идентификацијата најчесто е со оној што е носител на моќта. Ако немате жена претседателка на држава, жена претседателка на собрание, жена премиерка, ако има само 4 министерки од 22-23 министерства, ако има само две заменик-министерки, ако немате жена деканка на правен факултет, идентификацијата со правото и правдата е потешка. Затоа јас велам дека корупцијата во Република Северна Македонија е во машки род. Особено во политиката, во државната и во јавната администрација. Бидејќи ако мнозинството носители на клучни функции се мажи – тие корумпираат.“[14]

Во земји каде што нема квоти за гарантирано учество на жените во политиката, студиите покажуваат дека сексуалната изнуда се користи за добивање позиција на изборните листи на партиите[15]. Како и во сите родови прашања, и во ова почетната премиса е дека корупцијата и особено сексуалната изнуда како дело од корупција има различно влијание врз мажите и врз жените, а со тоа и на нивниот статус и родовиот однос помеѓу нив. На жените и озборувањето, пуштениот глас, макар тој бил и неточен за сексуална активност, различно влијае отколку на мажите токму поради патријархалниот систем на семејство и неприфатливоста на слободното сексуално однесување на жените, што не е случај со мажите. Озборувањата се стигматизирани и придонесуваат сексуалната изнуда да биде невидлива како еден вид корупција[16].

Во земји каде што нема владеење на правото, не се почитуваат правилата, каде што „стручноста и компетентноста не се клучни критериуми, женскиот професионален пат е потежок од машкиот“. Во општества со високо ниво на корупција, со мажи на највисоките позиции, „за да дојдете до одредени позиции или ако дојдете до нив за да напредувате или за да опстоите, понекогаш сте осудени да бидете жртва на сексуална изнуда“.[17]

12 Наташа Габер-Дамјановска, директорка на Академијата за судии и јавни обвинители (интервју, 13.9.2021)

13 Goetz, Anne Marie (2007). “Political Cleaners: women as the New Anti-Corruption Force?” Development and Change 38(1):

14 Гордана Силјановска, претседателка на КЕМ во Собранието на РСМ (интервју, 7.10.2021)

15 Види во Bjarnegård 2013; Sundström & Wängnerud 2016

16 Åsa Eldén, Dolores Calvo, Elin Bjarnegård, Silje Lundgren and Sofia Jonsson (2020) SEXTORTION: CORRUPTION AND GENDER-BASED VIOLENCE, достапно онлајн: https://eba.se/wp-content/uploads/2020/11/Sextortion_webb.pdf

17 Гордана Силјановска, претседателка на КЕМ во Собранието на РСМ (интервју, 7.10.2021)

Сексуалната изнуда има два вида влијание:

(i) индиректно на квалитетот и квантитетот на услугите што се доставуваат во земјата и

(ii) директно на жртвата на сексуалната изнуда што може да резултира со исклучување на девојчињата од образование, несакана бременост, осиромашување, па сè до психолошки последици што се слични како кај жртвите на сексуално насилство.

Кога сексот се користи како валута за давање мито во замена за услуга, „жената може да доживее ист вид срам што се предизвикува при силување или искуство со друг вид сексуално насилство“[18]. „Многу слично како кај бруталните форми на сексуалното насилство, статистиките зборуваат дека поголема е ранливоста од сексуална изнуда кај помладите девојки.“[19]

Затоа многу е важно да се разбере сексуалната изнуда како родов феномен. Покрај постојните ограничени извори за овој феномен, апсолутно мнозинство упатуваат дека жените во најголем број случаи се жртви што се злоставувани од мажи. Ова не значи дека сторителите на ова дело на корупција се секогаш мажи, ниту дека сите жртви се жени. Постојат случаи каде што и мажите и момчињата се жртви на сексуална изнуда. Сепак, за да се разбере феноменот, потребно е да се поседува структурно разбирање на родовите норми и односи како и односите меѓу родот и моќта.

[18] International Association of Women Judges (IAWJ) (2012) Stopping the Abuse of Power through Sexual Exploitation. Naming, shaming and ending sextortion. A Tool Kit. Washington. http://www.iawj.org/wpcontent/uploads/2017/04/Corruption-and-Sextortion-Resource-1.pdf

[19] Николина Кениг, редовен професор, Филозофски факултет (интервју, 19.8.2021)

## Методолошки пристап во истражувањето

Анализата е направена користејќи триангулација на примарни податоци добиени од интервјуа и дискусии во фокус групи, секундарни податоци преку кабинетско истражување на извештаи и анализи на други институции, организации и анализа на меѓународна и домашна правна рамка.

Анализата има неколку потпоглавја што се врзани со главните прашања за регулирање на сексуалната изнуда. Таа претставува основа за дефинирање на решенијата што се презентирани како препораки во следното поглавје.

Методологијата на истражувањето се состои од три фази:

(I) анализа на постојната законска регулатива,

(II) компаративна анализа на меѓународна правна рамка и

(III) полуструктуирани интервјуа и фокус групи.

Истражувањето се одвиваше во периодот од јуни до октомври 2021, а целиот пристап беше во согласност со препораките за физичко дистанцирање во периодот на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19.

**I фаза** – Анализа на постојната законска регулатива

Беше направена анализа на постојното национално законодавство и на меѓународните конвенции ратификувани во државата, со цел да се утврди дали и на кој начин се регулираат родовите форми на корупција со фокус на сексуалната изнуда. Беа анализирани следниве национални закони:

- Кривичен законик на Република Северна Македонија
- Закон за спречување корупција и судир на интереси
- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство
- Закон за еднакви можности на мажите и жените
- Закон за работни односи
- Закон за заштита од вознемирување на работно место

- Закон за високо образование
- Закон за заштита на укажувачи

За потребите на истражувањето беа анализирани и следниве меѓународни конвенции и инцијативи:

- Конвенција на Обединетите нации за борба против корупција (УНКАК)
- Конвенцијата на Кривично право за корупција – Совет на Европа (CoE)
- Конвенцијата на Граѓанско право за корупција – Совет на Европа (CoE)
- Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство – Истанбулска конвенција
- ГРЕКО – Група држави за борба против корупцијата

**II Фаза** – Полуструктуирани интервјуа и фокус групи

За целите на истражувањето беа спроведени 16 интервјуа и три фокус групи со релевантни чинители и експерти во областа на корупцијата, меѓу кои судии, јавни обвинители, адвокати, пратенички, претставници од Државна комисија за спречување корупција, претставници од Владата на Република Северна Македонија, академици и претставници од граѓанскиот сектор истакнати чинители во областите: борба против корупцијата, заштита на човековите права, родова еднаквост, спречување и превенција на насилство врз жените.

Интервјуата и фокус групите беа спроведени користејќи ја платформата ZOOM, во согласност со мерките на Владата за заштита од ширење на вирусот КОВИД-19. Списокот на интервјуирани чинители се наоѓа во Анекс I на извештајот.

# Правна анализа

Целта на оваа студија е да направи правна анализа на постојната национална правна рамка, институционалната поставеност и нивото на свеста за регулирање, превенција и заштита од сексуална изнуда како облик на корупција. Но, за да се направи анализата, потребно е да се постават основните постулати на делото како и да се направи разлика помеѓу сексуалната изнуда и другите слични видови родово базирано насилство каде што сторителот на делото користи принудни методи како закана или физичко насилство за да добие сексуален однос.

## Вкрстување корупција и родово базирано насилство

„Сексуалната изнуда е несомнено една од најгрозоморните родово-специфични форми на корупција. Нашата законска рамка ги препознава сексуалното вознемирување и мобингот како форми на злоупотреба на службената должност, преку други законски регулативи, но не и преку Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.“[20]

Најпрвин треба да се појасни дека сексуалната изнуда ги вкрстува корупцијата и формите на родово базирано насилство какви што се сексуално вознемирување, сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба. Доколку ги погледнеме законите што специфично ги уредуваат корупцијата и родово базираното насилство ќе забележиме дека ниту еден од нив не ја препознава сексуалната изнуда како форма на корупција.




[20] Љупчо Николовски, заменик-претседател на Владата за борба против корупцијата и криминал, одржлив развој и човечки ресурси (интервју 8.10.2021)

Имено, за да се смета делото сексуална изнуда за корупција, потребно е да постои трансакција односно лицето да бара или да прифати сексуална услуга и за возврат да понуди нешто што е во рамките на неговите/нејзините овластувања/службена должност. Без трансакцијата делото е сексуално вознемирување или сексуална злоупотреба. Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство[21] во Поимникот од член 3 став 1 регулира „*насилство врз жените*“ *како кршење на човековите права, дискриминација врз жените и ги означува сите дејства на родово базирано насилство што доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви дејства, изнуда, произволно ограничување и/или лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или во приватниот живот.* Но овој закон пропушта да го регулира трансакцискиот карактер на сексуалната изнуда, со што оневозможува дефинирање на делото сексуална изнуда како коруптивно дело. Сепак, со член 3 став 18 се прави разграничување на сексуалната изнуда од сексуалното насилство, кое *постои и кога се наведува или се присилува друго лице да се вклучи во дејства од сексуална природа со трето лице без негова согласност.*

Во битието на делото сексуална изнуда како дело од корупција согласноста е основа за делото иако е изнудена со добивање услуга за возврат. Ова е важно затоа што има ефект да ја направи жртвата соучесник. Претпоставуваме дека трансакцискиот аспект до одреден степен ги оправдува сексуалните услуги добиени во очите на сторителот, а можеби и во очите на жртвата. Трансакцијата, исто така, може да се разбере како стратегија за намалување на ризикот од страна на сторителот. Со тоа што давателот на сексуални услуги ќе стане соучесник и со користење на quid pro quo аргумент наместо физичка принуда, ризикот од пријавување е минимизиран. Оттука е важно дека во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство е дефинирано дека „*согласноста мора да е изразена доброволно како резултат на слободната волја на лицето, проценета во контекст на околностите*“. Процената од тој аспект зависи од волјата, свеста и од подготвеноста на судиите да увидат дека делото се случило со злоупотреба на моќта, службената должност или јавната функција, односно сексуалната услуга е изнудена како придобивка за возврат за нешто што носителот на јавна функција бил должен да го достави, овозможи, да оствари право и сл. „Проблемот не е само во законската регулатива. Пред сè е во перцепцијата, нормализацијата на овој вид дејство, што значи дека од голем број луѓе не е прифатено како нешто што е несоодветно однесување, туку нешто што можеби и требало да се толерира, затоа што е еден вид традиција, фолклор, норма.“[22]

---

[21] Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, достапен на https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/1a28a922f364401e94935d4d694b9d75.pdf

[22] Николина Кениг, редовен професор, Филозофски факултет (интервју, 19.8.2021)

Интересно е дека Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство прави обид во член 3 став 25 да ја дефинира „*присилната контрола врз жените како* ***злоупотреба на моќ****, употреба на закани, сила или други форми на присила, измама или погрешно прикажување, со цел да се контролира однесувањето и животот на жените*“, но не ја дефинира трансакцијата како елемент што оневозможува препознавање на делото сексуална изнуда како дело од корупција во овој *lex specialis.* Ова се потврдува и со член 4 став 1, кој регулира должно внимание на **о**рганите на државната власт, правните лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон, функционерите, службениците и другите овластени лица што извршуваат работи во име на државата дека имаат обврска да се воздржат од учество во дејство на насилство и да ги преземат сите мерки и активности за да спречат какво било дејство на родово базирано насилство врз жените и семејното насилство, но не забранува сексуална изнуда за возврат на вршење на својата должност, јавна функција.

> Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство регулира сексуална, или психичка повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви дејства, изнуда; но пропушта да го регулира трансакцискиот карактер на сексуалната изнуда, со што оневозможува дефинирање на делото како дело од корупција.
>
> Сепак, регулирањето на *согласноста како резултат на слободната волја на лицето, проценета во контекст на околностите овозможува докажување дека сексуалната услуга е изнудена како придобивка за возврат за нешто што носителот на јавна функција бил должен да го достави, овозможи, да оствари право и сл.*
>
> Но без конкретна забрана на сексуалната изнуда, со овој lex specialis не се регулира прекршок, не се предвидуваат мерки за превенција, ниту заштита од овој вид злоставување на жените.

Во Законот за спречување корупција и судир на интереси[23] недостасуваат елементи во дефиницијата на корупцијата и судирот на интереси за да се препознае сексуалната изнуда како дело од корупција. Членот 2 став 1 дефинира дека „*под корупција, во смисла на овој закон, се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг*“. Користа подоцна во член 8 став е дефинирана како „*остварување секој вид материјална или нематеријална, придобивка, погодност или предност за себе или за друг*“. Оттука, иако специфично не е регулиран, сексот може да се подведе како нематеријална придобивка. Сепак, ако ги погледнеме членовите од Глава пет на Законот за спречување корупција и судир на интереси, а кои се однесуваат на спречување на корупцијата во вршењето јавни овластувања, нема да можеме да најдеме забрана за примање или изнудување сексуални услуги заради вршење влијание или можност да влијае врз објективното и непристрасно вршење на функциите, јавните овластувања или службени должности. Како резултат

[23] Законот за спречување корупција и судир на интереси, достапен на https://www.dksk.mk/fileadmin/user_upload/Zakon_za_sprecuvanje_na_korupcija_i_sudirot_na_interesi.pdf

на тоа, не постојат ни прекршочни одредби со кои би се казнувала сексуалната изнуда како дело од корупција. Всушност, Законот за спречување корупција и судир на интереси со членот 3 каде што се регулира начелото на законитост го оневозможува поведувањето постапка за спречување корупција со сексуална изнуда затоа што во став 3 регулира дека „*никој не може да биде повикан на одговорност за корупција освен во случаите и условите предвидени со овој закон, со Кривичниот законик и друг закон и во постапка пропишана со закон*“, со оглед на фактот што сексуалната изнуда не е забранета со овој закон.

Законот за спречување корупција и судир на интереси е напишан со доволно широки термини, кои можат да го опфатат митото/поткупот во нематеријална форма за остварување погодност, придобивка или предност за себе или за друг. Сепак, недостатокот на специфичната забрана на сексуалната изнуда како дело на корупција остава прешироко простор за интерпретации во постапката на пријавување, и докажување на корупцијата некогаш во зависност и од разбирањето и волјата на членовите во Комисијата за заштита и спречување корупција и судските инстанци.

Законот за високо образование во член 27 регулира право на студентот да ги заштити своите права и должности пред органите на високообразовната установа и заштита на личноста на студентот од злоупотреба и на неговото достоинство. Пријавувањето се врши кај овластено лице за прием на пријави на корупција, кои како форми и облици членот 107 од Законот за високо образование не ги утврдува.

Кога ова се случува на работното место, често дилемата е дали доколку се пријави сексуалната изнуда од претпоставен, пријавувачката би добила отказ од работното место. Ова дополнително се усложнува при постоење недоволна дискреција при пријавувањето. Прегледот на националната законска регулатива со која во моментов делумно се регулира сексуалната изнуда како форма на корупција ни покажува дека Законот за работните односи[24] регулира Забрана на дискриминација во член 6 на основа на пол и возраст утврдувајќи дека *работодавачот не смее барателот на вработување (во натамошниот текст: кандидат за вработување) или работникот, да го става во нееднаква положба (став 1); односно дека на жените и на мажите мора да им бидат обезбедени еднакви можности и еднаков третман при вработувањето, напредувањето во работата, оспособувањето, образованието, преквалификацијата, платите, наградувањето, отсуството од работа, условите за работа, работното време и откажувањето на договорот за вработување (став 2).*

Во контекст на вработување, quid pro quo сексуално вознемирување се јавува кога придобивката или штетата за вработување е условена од одговорот на работникот на сексуалното барање. Сексуалната изнуда/сексторцијата вклучува ист вид размена,

[24] Закон за работни односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 62/2005; 106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 50/2010; 52/2010; 124/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015 и 27/2016, достапен онлајн https://mtsp.gov.mk/content/pdf/trud_2017/pravilnici/16,11-%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%A0%D0%B0%D0%B1%D0%9E%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D0%B8.pdf

но не е ограничена само на работното место. Сексуална услуга во замена за некаква корист што лицето на позиција на моќ не ја доделува или ја доделува – тоа е од главниот фактор за постоење на корупциската компонента на сексторцијата. Вознемирувањето и половото вознемирување се регулирани и забранети во член 9 од Законот за работни односи и се категоризирани како дискриминација во смисла на членот 6 од законот. Но дефиницијата на вознемирување само како „*несакано однесување кое има за цел или претставува повреда на достоинството на кандидатот за вработување или на работникот, а кое предизвикува страв или создава непријателско, понижувачко или навредливо однесување*“, не е доволно за да ги опфати елементите на сексуална сексторција.

Конвенцијата 190[25] на Меѓународната организација на трудот, која се однесува на родово базирано насилство на работното место и во работата, ги обврзува земјите потписнички да ги *идентификуваат, во консултација со засегнатите организации на работодавачи и работници и преку други средства, секторите или занимањата и работните аранжмани во кои работниците и другите засегнати лица се повеќе изложени на насилство и вознемирување; и да преземат мерки за ефективна заштита на таквите лица.*

Во Република Северна Македонија постојат закони што можат да се користат за гонење и спречување на злоупотребата на моќта за да се изнуди сексуален однос или услуга. Законот за работни односи (ЗРО) не е еден од нив. Потребно е усогласување на ЗРО со Конвенцијата 190 на Меѓународната организација на трудот.

Законот за заштита од вознемирување на работно место[26] во член 5 став 2 го регулира половото вознемирување како *секое вербално, невербално или физичко однесување од полов карактер, кое има за цел или претставува повреда на достоинството на кандидатот за вработување или на вработениот, а кое предизвикува чувство на страв или создава непријатност, пониженост*. Ваквото однесување се смета за психичко, односно полово вознемирување на работното место доколку не престанало и по писменото предупредување од вознемируваното лице дека му пречи однесувањето на вршителот на вознемирувањето и дека ќе го смета за вознемирување на работно место. Во оваа смисла Законот не е доволна основа за сексуалната изнуда како средство за вршење корупција што е доволно да се случи еднаш. Обично изнудувачот еднаш дава ваков услов, па жртвата прифаќа, не прифаќа или пријавува; а според Законот за заштита од вознемирување на работно место, дејството мора да има повторување и притоа се бара и писмено барање да не се повторува за да

[25] C190 – Конвенција за насилство и вознемирување, достапна онлајн: https://www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=NORMLEXPUB:12100:0::NO::P12100_ILO_CODE:C190

[26] Закон за заштита од вознемирување на работно место („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 79/2013 и 147/2015), достапен онлајн: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/trud_2017/pravilnici/16,,11-%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%97%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0%D0%92%D0%BE%D0%B7%D0%A0%D0%B0%D0%B1%D0%9C%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%BE.pdf

се квалификува делото како полово вознемирување. Не опфаќа обид за сексуална изнуда, може да се повтори понудата, но и не мора.

Понатаму членот 7 од Законот во став 3 регулира дека како време на вршење психичко и полово вознемирување на работното место, се смета времето во рамките на работното време и времето на патување до и од работното место, кога е извршен видот и начинот на однесувањето што се смета за вознемирување на работното место. Но сексуалната изнуда може да се врши и надвор од работното место и вон работното време особено ако станува збор за вработување. Оттука Законот за заштита од вознемирување на работното место не претставува доволно добра рамка за препознавање, превенција и заштита од сексуалната изнуда како дело од корупција. Според практичарите, овој закон таксативно само ги набројува случаите во кои може да се препознае вознемирување што го прави процесот на заштита целосно зависен од свеста на судиите и од капацитетот да препознаат мобинг и дискриминација. Адвокатката Марта Гусар смета дека *„или судиите не се доволно обучени за да го видат тоа, или законот не е добар. Треба да постои нешто што може да е реално применливо во практика. Сексуалната изнуда треба да биде многу подетално образложена и со пошироко гледање за да дојде до примена“.*

## Терминолошко определување и односот сторител-жртва на сексуална изнуда

За да се регулира делото ефективно, многу е важно во врска со ова дело да се употребуваат термините **сторител на сексуална изнуда** и **жртва на корупција**, и да не се заменуваат со други термини како, на пример, примател и давател на мито, или патрон и клиент; со што ќе се оневозможи мешање на делото со други дела. Тука ги вклучуваме и термините насилник и жртва на насилство како непрепорачани за да се направи дистинкција меѓу делото и другите слични дела на родово базирано насилство. Користењето на овие термини – сторител на сексуална изнуда и жртва на корупција – е препорачано и во извештаите на Меѓународната асоцијација на жени судијки[27] и на Меѓународната асоцијација на адвокати[28].

Притоа треба да се има предвид дека термините сторител на сексуална изнуда и жртва се користат во родово неутрална форма и може да се применуваат и за мажи и за жени во улога на сторители и жртви. Експлицитно не треба да се ограничува жртвата да биде само жена. Во некои правни системи како, на пример, во Индија тоа се прави, но претставува ограничување. Истражувањата покажуваат дека најголем број од жртвите се жени, но постојат случаи кога како жртва се јавува маж. Исто така, не смееме да заборавиме дека сторителот на сексуалната изнуда може да биде и жена од позиција на моќ. Сторителот во делото сексуална изнуда експлоатира однос на моќ, често во однос на родовата асиметрија, и секогаш во однос на довериениот авторитет на позицијата на која е назначен, односно ја извршува како државен службеник. Нерамнотежата на моќ помеѓу страните вклучени во делото сексуална изнуда, одговорноста за актот мора да се стави на лицето што ја злоупотребува својата доверена положба и овластување од државата[29]. Оваа аналогија за експлицитно регулирање на полот на жртвата, треба да важи и за сторителот/сторителката.

Ова е со причина да се избегне криминализација на жртвата како давател на сексуални услуги да биде и соучесник во делото. Оттука треба да се прави значајна разлика меѓу делата давање и примање поткуп и делото сексуална изнуда. Особено поради тоа што во македонското законодавство со делото давање поткуп, улогата на

[27] International Association of Women Judges (IAWJ) (2012) Stopping the Abuse of Power through Sexual Exploitation. Naming, shaming and ending sextortion. A Tool Kit. Washington. http://www.iawj.org/wpcontent/uploads/2017/04/Corruption-and-Sextortion-Resource-1.pdf

[28] International Bar Association - IBA. 2019. Sextortion: A crime of corruption and sexual exploitation

[29] Åsa Eldén, Dolores Calvo, Elin Bjarnegård, Silje Lundgren and Sofia Jonsson (2020) SEXTORTION: CORRUPTION AND GENDER-BASED VIOLENCE, достапно онлајн: https://eba.se/wp-content/uploads/2020/11/Sextortion_webb.pdf

давателот е криминализирана. Член 358 од Кривичниот законик[30] во став 1 регулира „*тој што директно или индиректно на службено лице ќе му даде, вети или ќе му понуди подарок или друга корист за него или за друг за да изврши службено дејство што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејство што би морало да го изврши или тој што посредува при ова, ќе се казни со затвор од една до пет години*“. Бидејќи во теорија погоре анализираните закони: Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство и Законот за спречување корупција и судир на интереси даваат доволно широка основа за гонење и на ова дело, но овозможуваат и ризик жртвата на сексуалната изнуда да биде кривично гонета, потребно е да се дефинира засебно кривично дело сексуална изнуда и како поим да се дефинира во Законот за спречување корупција и судир на интереси. Доколку се гони кривично и жртвата, постои ризик сексуалната изнуда да не се пријавува.

Секако, треба да се земат предвид неколку аспекти. Прво, поради постојната легислатива што регулира постоење согласност за делото да се изврши од страна на сторителот и природата на делото, ќе биде тешко да се докаже недостаток на согласност во размената quid pro quo со која се карактеризира делото. Второ, со оглед на тоа што сексуалната изнуда се заснова на психичка принуда и позицијата на моќ што сторителот ја користи во однос на жртвата, а не врз физичка сила, присила, физички закани и слично, ќе биде тешко да се докаже дека жртвата се плашела за својот живот или дека можела да биде повредена. Затоа е важно легислативата да го регулира односот на моќ меѓу сторителот на сексуалната изнуда и жртвата.

„Сексуалната изнуда или сексторција како таква не е присутна во Кривичниот законик, но можеби треба да се размисли на кој начин тоа да се определи во однос на присилата од позиција на моќ.“[31] Со оглед на тоа што сексуалната изнуда се препорачува да се регулира како кривично дело, таа треба да го следи стандардот за докажување како другите сексуални деликти, каде што товарот на докажување е на обвинетиот, а освен изјавата на жртвата вклучува и други потврдувачки докази.

> Во овој контекст се препорачува: (i) дефинирање на сексуалната изнуда како кривично дело; (ii) регулирање на односот на моќ меѓу страните во делото на сексуална изнуда; (iii) регулирање на две страни – сторител на сексуална изнуда и жртва на сексуална изнуда; и (iv) регулирање на товарот на докажување на невиност на страната што е обвинета како сторител на сексуалната изнуда.

[30] Кривичен законик, достапен на https://www.slvesnik.com.mk/Issues/6ed04b3db86643b297d84aa94513d055.pdf

[31] Наташа Габер-Дамјановска, директорка на Академија за судии и јавни обвинители (интервју, 13.9.2021)

## Прекршочна или кривична одговорност?

Студијата на Меѓународната асоцијација на судијки презентира четири насоки преку кои сексуалната изнуда се регулира, и правно се обезбедува превенција и заштита од овој феномен. Едната насока е преку антикорупциската регулатива, втората насока е преку регулативата што спречува и штити од родово базирано насилство; третата насока е преку регулативата за антидискриминација и сексуално вознемирување во работни односи. Сите овие насоки предвидуваат прекршочна одговорност на сторителот на делото. Во малку случаи се регулира недвосмислено делото како кривично дело. Такви се Кривичниот кодекс на Тајван, кој во рамките на делата против моралот експлицитно ја криминализира „злоупотребата на позицијата на авторитет за изнудување сексуален однос во различни контексти вклучувајќи вршење јавна функција, вработување, образување или во однос на чувар/старател“[32]. И во Романија, злоупотребата на моќта за сексуална корист е експлицитно криминализирана во Кривичниот законик, додека оној што нуди сексуална услуга на јавен службеник што ја користи ситуацијата на моќ и позицијата на авторитет која му е доделена како прекршок[33].

**Македонскиот Кривичен законик**[34] во Глава деветнаесетта: кривични дела против половата слобода и половиот морал го регулира *Обљуба со злоупотреба на положбата во член 189* како „*тој што со злоупотреба на својата положба ќе наведе на обљуба или на друго полово дејство лице кое спрема него се наоѓа во однос на подреденост или зависност или со иста намера го малтретира, заплашува или спрема него постапува на начин со кој се понижува човековото достоинство и човековата личност, ќе се казни со затвор најмалку пет години*“. Вака дефинирано, делото го регулира односот на моќ и поточно подреденост или зависност на жртвата, сексуалниот однос како резултат на изнудата, како и положбата во која е лицето (иако не е специфично наведено дека станува збор за носител на јавна функција или положба на државен службеник што е важно за битието на делото сексуална изнуда). Сепак, вака дефинирано делото има ограничување бидејќи во дефиницијата недостасува трансакцијата ‘нешто за нешто’ што е клучно за битието на делото сексуална изнуда.

И во Глава триесетта при регулирање на кривичните дела против службената должност се уредува *Злоупотреба на службената положба и овластување* со член 353: „*Службено лице кое со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со*

32 Taiwan legislation available at https://www.lexadin.nl/wlg/legis/nofr/oeur/lxwetai.htm

33 Criminal Code of Romania, available at https://www.legislationline.org/download/id/8291/file/Romania_Penal%20Code_am2017_en.pdf

34 Кривичен законик, достапен на https://www.slvesnik.com.mk/Issues/6ed04b3db86643b297d84aa94513d055.pdf

*неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години*". Вака дефинирано, делото ги има елементите на злоупотреба на службената положба и овластување, но недостасува изнудувањето на сексуалната услуга како придобивка, предност и корист која службеното лице ја остварува, а што е основен елемент на битието на делото сексуална изнуда.

Делото примање поткуп уредено во член 357 е најблиску до битието на делото сексуална изнуда поради тоа што регулира дека „*службено лице кое директно или индиректно ќе побара или ќе прими подарок или друга корист или ќе прими ветување за подарок или друга корист за себе или за друг за да изврши во рамките на своето службено овластување службено дејство што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејство што би морало да го изврши, ќе се казни со затвор од четири до десет години*". Проблемот е во дефинирањето на користа во Кривичниот законик, која е регулирана како: (i) помала имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на службено објавена една половина просечна месечна плата во Републиката во времето на извршувањето на делото; (ii) поголема имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на пет просечни месечни плати во Републиката во времето на извршувањето на делото; (iii) значителна имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на 50 просечни месечни плати во Републиката во времето на извршувањето на делото; и (iv) корист, вредност или штета од големи размери, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на 250 просечни месечни плати во Републиката во времето на извршувањето на делото. Сепак, сите овие дефиниции даваат финансиска и имотна вредност на користа и ниту една од нив не вклучува сексуален однос како придобивка, корист или предност што може да се оствари. Ова се смета за резултат на севкупната ориентација кон корупцијата да се третира како економски феномен, што ги прави напорите за справување со сексуалната изнуда уште потешки.

Меѓународната асоцијација на судијки сепак смета дека делото за сексуална изнуда треба да се регулира како дело од корупција сугерирајќи дека „присилната моќ на авторитет што ги карактеризира случаите на сексуална изнуда е токму типот на принуда што се наоѓа во случаи на корупција" (IAWJ 2012: 16). Третирањето на сексуалната изнуда како корупција, сугерира IAWJ, помага да се отстранат предизвиците во гонењето според законите што се однесуваат на родово базираното насилство, особено прашањата за принуда и согласност (исто).

## Постапка за пријавување и постапување

Пријавувањето на сексуалната изнуда е посебно прашање за разгледување поради специфичната и сензитивна ситуација во која се наоѓа жртвата на сексуалната изнуда. Постапувањето, пак, бидејќи може да нанесе поголема штета, стигматизација и маргинализирање на жртвите, кои и без тоа се ранливи и маргинализирани, треба дополнително внимателно да се уреди. Постапката на пријавување мора да се обезбеди да биде родово одговорна и да не предизвика повреда на човековите права на жртвите. Во македонското законодавство **Законот за заштита на укажувачи во** член 1 ги уредува заштитеното пријавување, правата на укажувачите, како и постапувањето и должностите на институциите, односно на правните лица во врска со заштитено пријавување и обезбедувањето заштита на укажувачите. Сепак, овој закон нема родова перспектива, но би можело да се дополни за да овозможи **родово сензитивни механизми за пријавување** сексуална изнуда.

Постапување на Државната комисија за спречување корупција по пријави на корупција е уредено со член 23 став 1 како постапка што почнува или по сопствена иницијатива на ДКСК или врз основа на добиена пријава. ДКСК постапува преку прибирање податоци и информации од надлежни институции, правни и физички лица користејќи ја мрежата на задолжени лица за антикорупција во институцијата што ги презема сите мерки и активности за доставување на бараните информации и ги доставува најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето од Државната комисија (став 3). Во случај на непостапување по барањето, Државната комисија може да поведе прекршочна постапка (став 4).

Сепак, пријавата во обата случаи, и врз основа на Законот за заштита на укажувачи и Законот за спречување корупција, треба да биде со гаранција дека доверените информации ќе се чуваат и нема да се споделуваат. Приватноста на пријавата е клучно прашање поради тоа што влијае врз тоа дали ќе се пријавува делото. Имено, истражувањата покажуваат дека жртвите се плашат да пријават за да не бидат обвинувани и посрамотени поради злоставувањето на кое биле жртви. Во некои случаи тие обвинувања доаѓаат од нивното семејство, пријателите или од институциите што го процесуираат случајот. „*Кога станува збор за кривично дело, постапката е подолготрајна, треба многу време, поминува низ многу фази, прво одиме во полиција, па јавно обвинителство, постојано се случува ревиктимизација*“[35]. Самообвинување исто така може да биде фактор за ефективна заштита од сексуална изнуда на жртвите според Feigenblatt[36]. Ова е резултат и на раширената стигма врзана за сите сексуални/полови деликти што ги прави потешки за пријавување и за докажување. Постоење механизми што се родово сензитивни како, на пример, лицето што ја прима пријавата

---

35 Марта Гусар, адвокатка (интервју, 25.8.2021)

36 Feigenblatt, Hazel (2020) Breaking the silence around sextortion. The links between power, sex and corruption, Transparency International, Berlin, Germany. Report published 5 March 2020. https://www.transparency.org/whatwedo/publication/breaking_the_sil ence_around_sextortion

да е жена, која поминала обука за родова еднаквост и која знае да постапува со жртви на сексуални деликти. „Отсуството на жените од клучните позиции ги обесхрабрува да објават нешто за кое сите знаеме дека е реалност, меѓутоа молчиме.“[37]

Во постапката, фокусот треба да се стави на лицето што е во „позиција на моќ, без разлика дали станува збор за шалтерски работник или за директор на претпријатие, за лице што работи во државна администрација или раководител. Во тој момент тој е оној што треба да ја заврши работата, па се поставува така да добие некоја сексуална услуга.“[38] „Позицијата на моќ дефинира кој е жртва. Што значи моќ – неа можеме да ја дефинираме на многу различни начини, не е секогаш препознатлива, некогаш и самиот пол е извор на моќ.“[39]

Постапката мора да се води внимателно, бидејќи во докажувањето поради патријархалниот систем на родови односи „од една страна, жртвите се обвинуваат како некои што сами си го бараат, имаат огромен дел од одговорноста, ако не и целосна одговорност поради ситуацијата во којашто се нашле; а, од друга страна, се третира самиот вид притисок/изнуда како помалку значаен отколку кога се бараат пари, заеми или професионално да се напредува.“[40] Ова е резултат на самата концептуализација на корупцијата како економски феномен што се манифестира со економска или со финансиска придобивка, па сексуалната услуга како предност, корист, придобивка се деноминира како недоволно важно, вредно добиено од quid pro quo односот меѓу жртвата и корумпираниот носител на јавна функција/државен службеник. Дури и во системи каде што сексуалната изнуда е регулирана, свеста на судиите, на јавните обвинители е сè уште ниска поради економската логика во регулирањето на корупцијата.

Должината на постапката исто така треба да биде приспособена. Во сексуални деликти за намалување на времето на постапување и препраќање на жртвата од една во друга институција и за намалување на ризикот од ревиктимизација од страна на институциите што постапуваат особено ако тие немаат доволно сензитивност за потребите и правата на жените. Постапката треба да вклучува и психолошка поддршка на жртвата како и понуда на друг вид поддршка, вклучително и бесплатна правна помош.

„Доколку се поттикнат жртвите на овој вид корупција да ги пријавуваат тие работи што им се случуваат, можеби во практика ќе работиме и повеќе такви предмети. Затоа што, искрено и реално, мислам дека тоа ни се случува во реалноста, меѓутоа сè уште

---

[37] Гордана Силјановска, претседателка на КЕМ во Собранието (интервју, 7.10.2021)

[38] Марта Гусар, адвокатка (интервју, 25.8.2021)

[39] Николина Кениг, редовен професор, Филозофски факултет (интервју, 19.8.2021)

[40] Николина Кениг, редовен професор, Филозофски факултет (интервју, 19.8.2021)

влегува како темна бројка во рамките на неоткриен криминалитет."[41] Јавната обвинителка Раичевиќ, која работела на случајот во кој професорите од Економскиот факултет од Скопје беа обвинети за корупција, посочи дека професорите се товарат само за примање поткуп и вршење незаконски влијанија. Иако делото кај двајца од професорите има елементи на сексуална изнуда, сексуалната компонента не е земена предвид и за неа нема да одговараат. Ова нема да придонесе да се надмине стравот од пријавување сексуална изнуда и може само да се зголемат стравовите за стигматизација на веќе ранливите жртви на ова дело од корупцијата.

> Во овој контекст се препорачува: (i) внимателно дефинирање на пријавувањето од страна на жртвата на сексуалната изнуда како кривично дело; (ii) регулирање на постапката да биде пократка поради намалување на ризикот од ревиктимизација; (iii) регулирање услуги за поддршка на жртвата.

[41] Габриела Гајдова, судијка, Основен суд Велес (интервју, 23.9.2021)

# Меѓународен контекст

## Анализа на меѓународни конвенции и иницијативи

Секторцијата (sextortion/sexual extortion) односно сексуалната изнуда како термин не можеме да го сретнеме во меѓународните конвенции за борба против корупцијата, пред сè поради недостатокот на родовата перспектива и користењето родово неутрален пристап во превенцијата и спречувањето на корупцијата. Сепак, поради нивниот широк опсег на материјални и нематеријални коруптивни дејства постои простор за подведување на делото под коруптивните дејства што се регулирани со овие конвенции.

## Конвенција на Организацијата на Обединетите нации (ООН) за борба против корупција

Конвенцијата на ООН за борба против корупцијата[42] (УНКАК) е донесена во 2003 година од Генералното собрание на ООН, стапила во сила во 2005 година кога и Република Северна Македонија пристапува кон неа, а ја ратификува во 2007 година. Оваа Конвенција претставува единствен обврзувачки глобален антикорупциски меѓународен инструмент. Трите главни цели на Конвенцијата се:

- Промоција и зајакнување на мерките за ефективна и ефикасна превенција и спречување корупција;
- Промоција, водење и поддршка на меѓународната соработка, вклучувајќи и техничка поддршка во превенцијата и борбата против корупција;
- Промоција на интегритет, одговорност и правилно раководење со јавните работи и јавната сопственост.

Конвенцијата предвидува секоја држава членка да донесе законски и други мерки што се неопходни за да коруптивните дејства се воспоставаат како кривични дела, кога се сторени намерно, а со тоа обврската ја стекнува и Република Северна Македонија.

[42] Конвенција на ООН за борба против корупцијата, достапна на https://customs.gov.mk/images/documents/borbaKorupcija/oonProtivKorupcija.pdf

Иако во оваа Конвенција не се користи родова перспектива при насоките за инкриминирање на облиците и формите на корупција, во поглавјето III – Криминализација и спроведување на законот, во член 15 што ги регулира формите на поткуп на национални јавни службеници, сексуалната изнуда односно секторцијата сторена од јавни службеници би можела да се подведе под став Б од Конвенцијата, кој гласи:

*„(б) Барање или прифаќање од страна на јавен службеник, директно или индиректно, за несоодветна предност, за самиот службеник или за друго лице или субјект, со цел службеното лице да дејствува или да се воздржи од дејствување во вршењето на неговите или нејзините службени должности.“*[43]

Вака поставена, дефиницијата ја изоставува сексуалната компонента на делото сексуална изнуда и санкционирањето го заснова на коруптивната компонента. Злоупотребата на моќ е исто така предвидена како кривично дело со оваа Конвенција, но дефиницијата е повторно широка и експлицитно не ги наведува сите форми на злоупотреба на моќ, туку остава на државите членки да  проценат што сè би било подведено под „несоодветна предност“.

## Конвенцијата на Кривично право за корупција на Советот на Европа[44]

Конвенцијата на Кривично право за корупција на Советот на Европа (СоЕ) е создадена поради приоритетната потреба да се спроведе заедничка кривична политика насочена кон заштита на општеството од корупција, вклучително и донесување соодветно законодавство и превентивни мерки. Конвенцијата има широк опсег и опфаќа голем број коруптивни активности карактеристични за јавниот и приватниот сектор, но не ја препознава родовата димензија на корупцијата. Фокусот на Конвенцијата е на инкриминирање на поткупот и финансиската односно материјалната димензија на корупцијата пред сè. Република Северна Македонија ја потпиша Конвенцијата на Кривично право за корупција на СоЕ во 1999 година, а таа стапи на сила во 2002 година.

43 Конвенција на ООН за борба против корупцијата, достапна на https://customs.gov.mk/images/documents/borbaKorupcija/oonProtivKorupcija.pdf

44 Criminal Law Convention on Corruption, Strasbourg, 27.I.1999, available at https://rm.coe.int/168007f3f5

## Конвенцијата на Граѓанско право за корупција на Советот на Европа[45]

Конвенцијата на Граѓанското право за корупција на Советот на Европа нагласува дека корупцијата претставува голема закана за владеењето на правото, демократијата и човековите права, правичноста и социјалната правда. Главна цел на оваа Конвенција е државите членки во своето национално законодавство да предвидат ефективни правни лекови за лица што претрпеле штета како резултат на дела на корупција, за да им се овозможи да ги бранат своите права и интереси, вклучително и можноста за добивање надоместок за штета. Надоместокот за штета предвиден со оваа Конвенција може да биде и по нематеријална загуба. Иако дефиницијата за корупција во рамките на оваа Конвенција е доволно широка и под неа би можела да се подведе и сексуалната изнуда, а со тоа и лицата што претрпеле штета односно биле жртви на сексуална изнуда да имаат можност да ги бранат своите права, сепак родовата димензија експлицитно не е препознаена. Република Северна Македонија ја потпиша оваа Конвенција во 2000 година, а стапи на сила во 2003 година.

## Група држави против корупција – Совет на Европа

Групата држави против корупција (ГРЕКО) е основана во 1999 година од Советот на Европа. Целта на ГРЕКО е да го подобри капацитетот на своите членки за борба против корупцијата, а преку следење на нивната усогласеност со антикорупциските стандарди на Советот на Европа, преку динамичен процес на меѓусебна евалуација и peer pressure. На овој начин се идентификуваат недостатоците во националните антикорупциски политики поттикнувајќи ги потребните законски, институционални и практични реформи. ГРЕКО, исто така, обезбедува платформа за споделување најдобри практики во превенција и откривање корупција. Република Северна Македонија е членка на ГРЕКО од 2000 година.

ГРЕКО од 2012 година организира многубројни дискусии за потребата од вклучувањето на родовата перспектива во борбата против корупцијата.

---

[45] Civil Law Convention on Corruption, Strasbourg, 4.XI.1999, available at https://rm.coe.int/168007f3f6

**Извештај за усогласеност – петти круг на евалуација ГРЕКО**[46]

Во петтиот круг на евалуација на ГРЕКО беа дадени 23 препораки во однос на „Спречување корупција и промовирање интегритет кај централната власт (лица на кои им се доверени највисоките извршни функции – ЛНИФ) и органите за спроведување на законот (ОСЗ)". Во овој Извештај нашата држава не добива родово-специфични препораки иако од 2012 година ГРЕКО започнува со разгледување на родовата димензија на корупцијата. Најзначајни новитети поставени како резултат на препораките се: поставувањето заменик-претседател на Владата одговорен за борба против корупција и криминал, одржлив развој и човечки ресурси и воспоставувањето „Кодекс на етика за членови на Владата и носители на јавни функции именувани од Владата".

Кодексот на етика за членови на Владата и носители на јавни функции именувани од Владата нема родова перспектива и пред сè се фокусира на уредување на начинот на однесување и работење на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, министрите, замениците на министрите и другите носители на извршни функции именувани од Владата на Република Северна Македонија. Сепак, заменик-претседателот на Владата одговорен за борба против корупција и криминал, одржлив развој и човечки ресурси препознавајќи ја важноста на родовата димензија на корупцијата во рамките на ова истражување, истакна дека *„во домашното антикорупциско законодавство, потребно е да се развие правна дефиниција и рамка за сексуална изнуда за да се овозможи соодветно следење и гонење на случаите. Тука интервенција е потребна, пред сè, во Кривичниот законик."*[47]

## Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство – Истанбулска конвенција

Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство препознава и истакнува дека насилството врз жените е манифестација на историски нееднаквите односи на моќ меѓу жените и мажите, а воедно ја препознава и структурната природа на насилството врз жените како родово засновано насилство, како и дека насилството врз жените е еден од главните општествени механизми со кој жените се принудуваат на потчинета положба во однос на мажите. Главната цел на Истанбулската конвенција е *„заштита на жените*

[46] Извештај за усогласеност – петти круг на евалуација ГРЕКО, достапен на https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/Izvestaj%20GREKO%205%20krug.pdf

[47] Љупчо Николовски, заменик-претседател на Владата за борба против корупција и криминал, одржлив развој и човечки ресурси (интервју, 8.10.2021)

*од сите форми на насилство и спречување, гонење и елиминирање на насилството врз жените и домашното насилство.“* [48]

Сите земји што ја ратификувале Истанбулската конвенција, вклучувајќи ја и Република Северна Македонија (стапи на сила на 1 јули 2018), се заложуваат да обезбедат функционерите, службениците, институциите и другите актери што дејствуваат во име на државата, да се воздржуваат од учествување во каков било акт на насилство врз жените. Иако експлицитно не е дефинирана, доколку гледаме на сексуалната изнуда како на форма на сексуално насилство врз жените, засновано на нееднаквите односи на моќ меѓу мажите и жените, оттука произлегува и обврската таа да биде регулирана во националното законодавство.

При дефинирање на сексуалното насилство, Истанбулската конвенција наведува дека *„согласноста мора да е дадена доброволно како резултат на слободната волја на лицето, проценета во контекст на опкружувачките околности.“*[49] При постоење сексуална изнуда како форма на сексуално насилство, согласноста е резултат на психолошка принуда. Најчесто лицата на кои им се врши сексуалната изнуда се ранливи лица, а сторителите секогаш се наоѓаат на позиција на моќ. Оттука препораката на Истанбулската конвенција која се однесува на отежнителните околности при вршење на кривичните дела против жените бара како отежнителни околности на националното законодавство да се сметаат:

- кривичното дело е извршено од лице што го злоупотребило својот авторитет;
- кривичното дело е извршено врз лице што било ранливо поради определени околности.

Анализирајќи ги одредбите од Истанбулската конвенција, можеме да заклучиме дека Република Северна Македонија има обврска да ја инкриминира сексуалната изнуда како една од формите на сексуално насилство врз жените, но не и како коруптивно дејство што е спротивно на препораките од Меѓународната асоцијација на судијки.

Важно е да се има предвид различната употреба на терминот сексуална изнуда односно сексторција во рамките на работната група на ГРЕВИО одржана на 23 октомври 2020. Целта на оваа работна група беше да ја истражи важноста и обемот на примена на Истанбулската конвенција во врска со насилството врз жените преку интернет и технологијата и да се надгледува развојот на општата препорака. Во рамките на општата препорака изработена од работната група на ГРЕВИО, терминот сексторција се користи да опише различно дело од она што е предмет на оваа анализа односно:

[48] Член 1 – Цели на Конвенцијата, Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство – Истанбулска конвенција, достапна на https://rm.coe.int/168046253a

[49] Ibid.

*„Сексуалното изнудување, исто така наречено ‘сексторција’, е чин на користење закана од објавување сексуална содржина (слики, видеа, измами, сексуални гласини) за да се закани, принуди или уцени некого, или за повеќе сексуални содржини или за пари, понекогаш и двете.“*[50]

## Компаративна законска анализа

За компаративна анализа на меѓународната правна рамка беа анализирани кривичните закони и законите за спречување корупција на две држави од Западен Балкан: Црна Гора и Босна и Херцеговина, две држави членки на Европската Унија – Словенија и Финска, две држави членки на ОБСЕ – Швајцарија и Киргистан, и две од Соединетите Американски Држави – Калифорнија и Арканзас. Целта на анализата беше да се изнајдат добри законодавни практики, кои би можеле да се применат во инкриминирањето на секторцијата односно сексуалната изнуда како форма на корупција во Република Северна Македонија.

## Држави од Западен Балкан

Во регионот на Западен Балкан, вклучувајќи ја и Република Северна Македонија, најчесто при инкриминирање на делото сексуална изнуда во кривичните закони е изоставен коруптивниот елемент и тоа делумно се регулира во рамките на кривичните дела против половата слобода и морал односно против половиот интегритет. Таков е случајот и во кривичните законици на Република Црна Гора, на Федерацијата Босна и Херцеговина и на Република Српска.

### Црна Гора

Црна Гора во Кривичниот законик со член 207 делумно ја регулира сексуалната изнуда на следниов начин: *„Обљуба со злоупотреба на положба“*

*„(1) Кој со злоупотреба на својата положба ќе наведе на обљуба или со неа изедначен чин лице кое наспрема него се наоѓа во однос на некаква подреденост или зависност, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.“*[51]

Црна Гора како отежнителна околност при инкриминирањето на обљубата со

[50] Gender Equality Commission (GEC) Draft Comments of the Gender Equality Commission on GREVIO´s draft General Recommendation on the digital dimension of violence against women, available at https://rm.coe.int/gec-2021-4-rev-gec-comments-on-grevio-gen-rec-digital-dimension-vaw-29/1680a20817

[51] Член 207, Кривичен законик на Република Црна Гора, достапен на https://www.paragraf.me/propisi-crnegore/krivicni-zakonik-crne-gore.html

злоупотреба на положба ја зема последицата „настаната бременост“ и предвидува затворска казна од 6 месеци до 5 години.

Иако при дефинирање на делото како „обљуба со злоупотреба на положба“ се содржани и сексуалната и корутивната компонента, сепак начинот на вршење на делото и неговото докажување е она што би било пречка при достигнувањето правда. Кога станува збор за обљуба, по дефиниција се мисли на насилен сексуален однос односно потребна е употреба на физичка сила/принуда. Сексуалната изнуда како чин во најголем дел од случаите не содржи употреба на сила туку психичка принуда.

Во Законот за спречување на корупција во Црна Гора, корупцијата се дефинира како *„секоја злоупотреба на службена, работна, односно општествена положба или влијание со цел стекнување лична корист или корист за друг“*[52]. Следствено, иако во овој закон експлицитно не се дефинира сексуалната изнуда како дело на корупција, самото дело „обљуба со злоупотреба на положба“ иако е дел од кривичните дела против половата слобода остава простор да се толкува и како дело на корупција поради тоа што го содржи дејството „злоупотреба на положба“.

## Босна и Херцеговина

### Федерација Босна и Херцеговина

Федерацијата Босна и Херцеговина во својот Кривичен законик во Глава деветнаесетта – Кривични дела против половата слобода и морал, со член 205 регулира:

*„Полов однос со злоупотреба на положба“*

*„(1) Кој со злоупотреба на положба ќе наведе на полов однос или со него изедначена полова активност друга личност која поради имотна, семејна, општествена, здравствена или друга положба или тешка состојба се наоѓа спрема него во зависна положба, ќе биде казнет со казна затвор од три месеци до три години.“*[53]

Федерацијата Босна и Херцеговина во својот Кривичен законик има најспецифично и најприближно дефинирање на делото со терминот „полов однос со злоупотреба на положба“ до она што претставува сексуална изнуда како форма на корупција. Користење на терминот „полов однос“ наместо „обљуба“ дава насока за толкување на делото независно од тоа дали имало употреба на физичка сила при наведувањето/

[52] Закон за спречување корупција на Република Црна Гора, достапен на црногорски јазик на: https://www.antikorupcija.me/media/documents/Zakon_o_sprje%C4%8Davanju_korupcije.pdf

[53] Article 205, Criminal code of the Federation of Bosnia and Herzegovina, available at https://www.legislationline.org/download/id/8500/file/CC_FBiH_am2017_eng.pdf

изнудувањето, што е карактеристично за сексуалната изнуда како форма на корупција. Имотната, семејната, општествената, здравствената како и друга положба или тешка состојба се токму факторите што е потребно да се земат предвид при ценењето на состојбата на изнуденото лице наспроти лицето на позиција на моќ.

Според Законот за агенцијата за спречување корупција и координација на борбата против корупција на Босна и Херцеговина, корупција значи *„каква било злоупотреба на моќта доверена на државен службеник или на лице на политичка позиција на ниво на држава, ентитет, округ, на ниво на округот Брчко на Босна и Херцеговина, на градско или општинско ниво, што може да доведе до приватна корист.“*[54] Во законодавството на Босна и Херцеговина се користат два различни термина „злоупотреба на положба“ и „злоупотреба на моќ“, кои во суштина означуваат исто или слично дејство бидејќи во дефинирањето на корупцијата моќта произлегува од положбата на лицето, па така со злоупотреба на моќта се злоупотребува и положбата, и обратно.

## Република Српска

Република Српска во својот Кривичен законик во Глава четиринаесетта, која ги дефинира кривичните дела против половиот интегритет со член 168, на сличен начин како и Црна Гора, делумно ја регулира сексуалната изнуда во делото:

*„Обљуба со злоупотреба на положба“*

*„Кој со злоупотреба на својата положба ќе наведе на обљуба или со неа изедначена полова активност лице кое наспроти него се наоѓа во однос на некаква подреденост или зависност ќе се казни со затвор од две до пет години.“*[55]

Република Српска иако на сличен начин го инкриминира делото како и Црна Гора, се разликува од Федерацијата Босна и Херцеговина и од Црна Гора во висината на казната за делото, односно за разлика од другите две држави каде што минималната казна е 3 месеци, а максималната 3 години, во Република Српска минималната казна изнесува 2 години, а максималната 5 години. Законот за сузбивање корупција, организиран и најтешки облици на економски криминал не ја регулира сексуалната изнуда и не содржи дефиниција на делото корупција.[56]

---

54 Закон за агенцијата за превенција на корупција и координација во борбата против корупција (се спроведува на ниво на Федерација Босна и Херцеговина и дистриктот Брчко), достапен на босански јазик на: http://msb.gov.ba/PDF/35_Zakon%20o%20%20agenciji%20za%20prevenciju%20korupciji%20_%20103-09.pdf

55 Article 168, Criminal Code of The Republika Srpska of Bosnia and Herzegovina, available at https://www.legislationline.org/documents/action/popup/id/23380/preview

56 Закон за сузбивање корупција, организиран и најтешки облици на економски криминал, достапен на српски јазик на: https://www.narodnaskupstinars.net/?q=la/akti/usvojeni-zakoni

# Држави членки на Европската Унија

Држави членки на Европската Унија чии кривични закони беа анализирани за потребите на ова истражување се Словенија и Финска.

## Словенија

Во својот Кривичен законик во Деветнаесетта глава која регулира кривични дела против половиот интегритет, Република Словенија го инкриминира делото:

*„Повреда на половиот интегритет преку злоупотреба на положба“*

*„Кој со злоупотреба на својата положба принуди лице од ист или од различен пол кој му е подреден или зависи од него, да има полов однос со него или да изврши или да се потчини на кој било друг полов чин, треба да биде осуден на казна затвор до пет години.“*[57]

Република Словенија ја регулира сексуалната изнуда како кривично дело против половиот интегритет каде што во значителна мера се инкорпорира и коруптивната компонента, дополнително ги специфицира и инкриминира принудните полови односи меѓу лица од ист пол. Кривичното дело ги содржи трите главни услови за постоење сексуална изнуда како коруптивно дејство: злоупотреба на положба, полов однос или друго полово дејство и принудата. Дополнително во Глава дваесет и шеста, која регулира Кривични дела против службената должност, јавни органи и јавни фондови, Република Словенија ги инкриминира делата: злоупотреба на службена положба или службени овластувања, земање поткуп – вклучувајќи и нематеријален односно остварување друга корист и прифаќање корист за незаконско посредување.

Со ова можеме да заклучиме дека Република Словенија има изработено сеопфатна правна регулација на делото сексуална изнуда како коруптивно дејство.

---

57 Article 174, Criminal code of Republic of Slovenia, available at https://www.legislationline.org/download/id/9232/file/SLOV_CC.pdf

### Финска

Сексуалната изнуда во Финска иако не е експлицитно регулирана, може да се подведе како една од формите на сексуална злоупотреба (563/1998) инкриминирана во делот 5 од Кривичниот законик:

Под сексуална злоупотреба се подразбира *„лице кое ја злоупотребува својата позиција и подведе едно од следниве на сексуален однос, на друг сексуален чин што во суштина го прекршува неговото право на сексуално самоопределување или поднесување на такво дело.“*[58]

Во ставот четири како жртва на ова дело може да се јави *„лице кое е особено зависно од сторителот, кога сторителот очигледно ја користи оваа зависност, ќе се казни за сексуална злоупотреба на парична казна или затвор најмногу четири години“.*

Со ова дело се опфаќаат елементите злоупотреба на позиција од страна на сторителот и зависност од сторителот, сексуален однос или друг сексуален чин како и подведувањето. Не се доволно јасно изразени коруптивниот елемент и психолошката принуда, па со тоа и не можеме да ја цениме сексуалната изнуда како коруптивно дејство целосно инкриминирана. Финска дополнително со инкриминирање прекршоци сторени за време на служба ги регулира и примањето поткуп вклучувајќи нематеријален односно друг бенефит, примање поткуп со отежнителни околности во замена за вршење или невршење услуга како и злоупотреба на јавна функција.

## Држави членки на ОБСЕ

Држави членки на Организацијата за безбедност и соработка на Европа чии кривични законици беа предмет на анализа во ова истражување се Швајцарија и Киргистан.

### Швајцарија

Во Кривичниот законик на Швајцарија во Петта глава што регулира прекршоци против сексуален интегритет, различните компоненти на сексуалната изнуда се инкриминираат преку два члена во делот прекршоци против сексуална слобода и чест:

[58] 563/1998 Criminal Code of Finland, available at https://www.legislationline.org/download/id/6375/file/Finland_CC_1889_am2015_en.pdf

„Непристоен напад“

*„Секое лице кое користи закани, сила или психолошки притисок врз друго лице или го прави тоа друго лице неспособно да се спротивстави со цел да го принуди да толерира сексуален чин сличен на сексуален однос или кој било друг сексуален чин, подлежи на казна затвор не поголема од десет години или парична казна.“*[59]

„Експлоатација на лице во позиција на потреба или зависност“

*„Секое лице кое ќе поттикне друг да изврши или да се подведе на сексуален чин со искористување положба на потреба или зависна врска заснована на вработување или друга зависна врска, подлежи на казна затвор не повеќе од три години или парична казна.“*[60]

Кривичниот законик на Швајцарија е еден од ретките правни инструменти што го препознава, регулира и инкриминира психолошкиот притисок при принуда на сексуален чин или однос со делото непристоен напад. Сексуалната изнуда се темели токму на психолошкиот притисок што доаѓа од лице кое е во позиција на моќ. Швајцарија дополнително кривично го санкционира и лицето кое со искористување на положбата на нечија потреба или при врска заснована на вработување односно претпоставен вработен ќе изнуди сексуален чин. Со ваквото регулирање, законот ги опфаќа сите вработени односно и оние во јавниот и оние во приватниот сектор. Дополнително во прекршоци против службена или професионална должност инкриминирана е и злоупотребата на јавна функција.

Во овие две кривични дела се инкриминирани трите услови за постоење сексуална изнуда како коруптивно дејство: злоупотреба на положба, сексуална активност и психолошка принуда, со тоа Швајцарија нуди сеопфатен правен одговор и заштита од сексуална изнуда.

## Киргистан

Во Кривичниот законик на Киргистан во кривичните дела против половиот интегритет и половата слобода делумно се регулира сексуалната изнуда со членот 163.

*„Принуда на дејства од сексуална природа“*

„Принудување лице да има сексуален однос, содомија, лезбијство или да изврши други дејства од сексуална природа со уцена или користење материјална или друга зависност на жртвата...“[61]

---

[59] Article 189, Swiss Criminal Code, available at https://www.legislationline.org/download/id/8991/file/SWITZ_Criminal%20Code_as%20of%202020-07-01.pdf

[60] Article 193, Swiss Criminal Code

[61] Член 163, Кривичен законик на Киргистан, достапен на руски јазик на http://cbd.minjust.gov.kg/act/view/ru-ru/111527

Тоа што е карактеристично за Кривичниот законик на Киргистан е дека при вршење на ова дело, покрај паричната и затворската казна се санкционира и со одземање на правото за вршење одредени позиции како резултат на злоупотреба на позицијата на моќ. И покрај недостатокот на експлицитно нагласување на коруптивниот елемент, сепак истиот е санкциониран. Можеме да заклучиме дека сексуалната изнуда како коруптивно дејство е делумно регулирана во Киргистан.

## Држави од Соединетите Американски Држави

Држави од САД чии казнени законици беа анализирани за потребите на истражувањето се Калифорнија и Арканзас. Терминот сексторција во државите од САД се користи за поинакво кривично дело односно опишува злосторство што се случува на интернет кога возрасен ќе убеди лице помладо од 18 години да сподели слики со сексуална содржина или да изврши сексуални дејства на веб-камера.[62] Сексуалната изнуда како дело на корупција не се дефинира експлицитно во САД.

### Калифорнија

Во Казнениот законик на Калифорнија сексуалната изнуда се регулира во кривичните дела против личноста кои вклучуваат сексуален напад и кривични дела против јавната пристојност и морал. Односно сексуалната изнуда се регулира со делото силување[63] кое се дефинира како чин на сексуален однос извршен со лице кое не е брачен другар на сторителот, а под различни околности.

Ставот 7 како силување цени *„онаму каде што дејството е остварено против волјата на жртвата со закана дека ќе се искористи овластувањето на јавниот службеник за да ја затвори, уапси или депортира жртвата или друг, а жртвата има разумно верување дека сторителот е јавен службеник. Како што се користи во овој став, 'јавен службеник' значи лице вработено во владина агенција кое има овластување, како дел од таа позиција, да затвори, уапси или депортира друг. Насилникот всушност не мора да биде јавен службеник.“*[64]

[62] FBI Launches Sextortion Awareness Campaign in Schools, 2019, available at: https://www.fbi.gov/news/stories/stop-sextortion-youth-face-risk-online-090319

[63] Her lawyer, Sexual Coercion in California: What You Need to Know, available at https://herlawyer.com/sexual-coercion-california/

[64] Article 261, California Penal Code, available at https://leginfo.legislature.ca.gov/faces/codes_displayText.xhtml?lawCode=PEN&division=&title=9.&part=1.&chapter=1.&article

Со овој став сексуалната изнуда е регулирана само кога станува збор за особено ранливи лица како затвореници, имигранти, сексуални работници и сл. Сепак со ставот (б) се појаснува користењето на терминот принуда во рамките на Законот и што сè се зема предвид при ценење на делото:

*„принуда значи директна или закана со сила што се подразбира, насилство, опасност или одмазда доволна за да се принуди разумна личност од обична подложност да изврши дело што инаку не би било извршено, или да се помири во акт на кој инаку не би се подложила. Вкупните околности, вклучително и возраста на жртвата и односот со обвинетиот, се фактори што треба да се земат предвид при процената на постоењето принуда.“*[65]

Специфично за ваквата инкриминација е што сексуалната изнуда се цени како форма на силување. На овој начин во државата Калифорнија се регулира сексуалната изнуда, но не како коруптивно дејство туку како форма на сексуално насилство. Иако и психичката принуда се зема предвид при ценење на делото, сепак правната рамка не е сеопфатна.

## Арканзас

Тоа што е многу специфично за државите од САД е испреплетувањето на кривичните дела што се опфаќаат со терминот сексторција односно сексуална изнуда. Па, така, со Казнениот законик на Арканзас како дело од сексуални прекршоци во членот 5-14-113 се смета дека сексуална изнуда е извршена во следните случаи:

„(1) Со цел да се присили друго лице да се впушти во сексуален контакт или сексуално експлицитно однесување, лицето соопштува закана за:

(А) оштетување на имотот или нарушување на угледот на другото лице; или

(Б) Изработи или дистрибуира снимка на другото лице ангажирано во сексуално експлицитно однесување или прикажано во состојба на голотија.“[66]

Со овој начин на инкриминирање на сексуалната изнуда, потполно се изоставува коруптивната компонента односно злоупотребата на моќ, а принудата се темели на употреба на физичка сила и реална закана за нарушување на угледот на другото лице. При изработка на правна рамка за регулирање на секторцијата во една држава, многу е важно да се одбере соодветен термин што локалното население, но и релевантните правни чинители ќе го препознаваат и со кој ќе го идентификуваат соодветното кривично дело.

[65] Article 261 (b), California Penal Code ibid.

[66] 5-14-113, Arkansas Penal Code, available at https://law.justia.com/codes/arkansas/2017/title-5/subtitle-2/chapter-14/subchapter-1/section-5-14-113/

Република Северна Македонија во моментов има најсличен пристап во делумното инкриминирање на делото со Црна Гора и со Република Српска. Од погоре анализираните кривични законици како најсоодветни правни рамки за сеопфатно регулирање на сексуалната изнуда како коруптивно дејство би можеле да ги издвоиме законите на Швајцарија и на Словенија. Важно е да се истакне и пристапот на Федерацијата Босна и Херцеговина, која единствена експлицитно ги наведува факторите што се од големо значење при ценењето на положбата на зависност на жртвата во однос на сторителот.

# Главни наоди од интервјуата и фокус групите

За целите на истражувањето беа спроведени 16 интервјуа и три фокус групи со релевантни чинители и експерти во областа на корупцијата меѓу кои судии, јавни обвинители, адвокати, пратенички, претставници од Државната комисија за спречување корупција, претставници од Владата на Република Северна Македонија, академици и претставници од граѓанскиот сектор.

## Главни наоди што беа добиени од интервјуата се следниве:

### Препознавање родови форми на корупција

- Терминот сексторција е познат кај помал дел од испитаните, додека, пак, терминот сексуална изнуда се смета за посоодветен во нашето општество;
- Сексуалната изнуда се препознава како форма на родово базирано насилство, но кај помал дел од интервјуираните и како родово коруптивно дејство;
- Корупцијата има различно влијание врз мажите и жените бидејќи на најголем дел од позициите на моќ во државата се наоѓаат мажи.

### Застапеност на сексуалната изнуда во Република Северна Македонија

- Иако не постојат доволен број истражувања, интервјуираните веруваат дека сексуалната изнуда во голема мера е застапена во секојдневното живеење во Република Северна Македонија;
- Областите во кои е најзастапена сексуалната изнуда како коруптивно дејство, според интервјуираните се: државната администрација (централно и локално ниво), високото образование и приватниот/бизнис сектор;
- Се смета дека сексуалната изнуда како коруптивно дејство е застапена секаде каде што има систем на кариера и каде што еден има дискрециono право да одлучува;
- Интервјуираните сметаат дека сексуалната изнуда најчесто се користи за вработување како најгорлив проблем во државата. Дополнително таа се користи и за задржување на работното место, унапредување, оценување во високото образование и остварување одредени права што веќе следуваат по закон;

- Младите жени врз база на стандардите за убавина на општеството се издвоени како најподложни на сексуална изнуда, особено најранливите: невработени, самохрани мајки, сиромашни и сл.;
- Најголем дел од испитаниците слушнале за конкретен случај на сексуална изнуда од свои блиски, соработници, пријатели и/или преку медиумите;
- Најголем дел од случаите на сексуална изнуда за кои слушнале се во високото образование и приватниот/бизнис сектор.

### Пријавување и санкционирање сексуална изнуда

- Се смета дека сексуалната изнуда многу малку се пријавува поради срам од осуда и страв од губењето на работното место;
- Санкциите за извршувањето на сексуална изнуда треба да ги сноси само изнудувачот кој е во позиција на моќ и неа ја злоупотребува, доколку се казнува и жртвата делото нема да се пријавува;
- Нудењето сексуална услуга во замена за корист исто така се смета за форма на корупција, но одговорност треба да се бара кај носителот на моќта.

### Законска регулатива

- Според интервјуираните експерти и релевантни чинители, Законот за спречување корупција и судир на интереси има доволно широка дефиниција што ги опфаќа најголемиот дел од коруптивните дејства, вклучително и активната и пасивната корупција и е во согласност со конвенциите за борба против корупцијата ратификувани од Република Северна Македонија;
- Посочена беше потреба од евалуација на спроведувањето за Законот за спречување корупција и судир на интереси;
- Најголем дел од испитаниците сметаат дека Кривичниот законик недоволно и/или несоодветно ги регулира различните форми на корупција;
- Сексуалната изнуда се смета дека не е соодветно регулирана со националното законодавство, но сепак по неа може да се постапува според различни дела во постојните закони;
- Сите интервјуирани сметаат дека сексуалната изнуда треба да се регулира со Кривичниот законик.

### Институционален одговор

- Како голем проблем беше истакната несоодветната примена на постојните закони и немањето соодветен системски одговор;

- По инкриминирањето на делото, посочена е потреба од обучување на судиите, јавните обвинители, адвокатите и другите релевантни чинители за негово соодветно применување.

## Главни наоди што беа добиени од фокус групата со претставниците од локалната самоуправа се следниве:

### Препознавање родови форми на корупција

- Родовите форми на корупција не им се доволно познати, но сметаат дека корупцијата различно влијае врз мажите и жените поради нерамнотежата во распределбата на моќта во општеството;

- Терминот сексторција е потполно непознат за претставниците на локалната самоуправа додека, пак, сексуалната изнуда ја препознаваат како општествен феномен.

### Застапеност на сексуалната изнуда во Република Северна Македонија

- Области во кои сметаат дека е најзастапена сексуалната изнуда се: приватниот бизнис сектор, високото образование и државната администрација на централно ниво;

- Испитаниците сметаат дека сексуалната изнуда како коруптивно дејство најмногу се користи за вработување, задржување на работното место, унапредување, оценување во високото образование;

- Секој од испитаниците слушнал за конкретен случај на сексуална изнуда од свои блиски, пријатели, соработници, а најкарактеристични беа користењето сексуална изнуда за формирање на советничките листи на претстојните избори, како и за положување на возачкиот испит;

- Испитаниците сметаат дека младите девојки/жени се најчесто жртви на сексуална изнуда.

## Пријавување и санкционирање сексуална изнуда

- Испитаниците сметаат дека сексуалната изнуда е многу присутна во нашето општество, но недоволно се пријавува. Како главни причини за непријавување се наведени: стравот од осуда, срамот и обвинувањето на жртвата дека всушност таа ја нуди сексуалната услуга во замена за противуслуга, но и големата недоверба во институциите;

- Најголем дел од претставниците од локалната самоуправа сметаат дека и изнудувачот и изнудениот доколку ја прифати изнудата се одговорни за сексуалната изнуда.

## Законска регулатива

- Претставниците на единиците на локалната самоуправа се запознаени со Законот за спречување корупција и судир на интереси само во нивниот домен на работа;

- Не се доволно запознаени дали сексуалната изнуда како коруптивно дејство е регулирана со националната легислатива;

- Сите испитаници сметаа дека сексуалната изнуда треба да се регулира со Кривичниот законик.

## Институционален одговор

- Во секоја од општините треба да постои лице назначено за внатрешно пријавување коруптивни дејства, но ретко добиваат пријави и вработените во општината не знаат за неговата функција;

- Истакната беше потребата од обуки на локално ниво за препознавање и пријавување на сексуалната изнуда.

## Главни наоди што беа добиени од фокус групата со претставниците од граѓанскиот сектор се следниве:

### Препознавање родови форми на корупција

- Сексуалната изнуда им е познат термин и ја препознаваат како форма на родова корупција;
- Друга форма на родова корупција што беше наведена покрај сексуалната изнуда е случајот на размената на ин витро оплодување за гласови на изборите пред десетина години во Велес;
- Претставниците од невладиниот сектор сметаат дека корупцијата многу различно влијае врз мажите и жените во нашето општество. Како фактори се наведени: женската сиромаштија и поголема стапка на невработеност, родовите улоги и норми, поголемата застапеност на мажите на позиции на моќ односно нееднаквата распределба на моќ, поголемата вклученост на жените во исполнувањето на административните обврски и др.;
- Сексуалната изнуда се препознава како форма на родово базирано насилство, сродна со сексуалното вознемирување.

### Застапеност на сексуалната изнуда во Република Северна Македонија

- Поради недостатокот на истражувања на темата, претставниците од граѓанските организации не беа сигурни колку е застапена сексуалната изнуда во Република Северна Македонија, но врз база на лични примери, случаи од факултетските денови и прочитаните случаи во кампањата #СегаКажувам, сметаат дека е распространета во секојдневното живеење;
- Области во кои сметаат дека сексуалната изнуда е најзастапена се: полицијата, државната администрација на локално ниво и на централно ниво, но и во високото образование и во здравството;
- Испитаниците сметаа дека сексуалната изнуда пред сè се користи за унапредување и за вработување во нашето општество;
- Најчесто на жените што се жртви на корупција, услугата што им се нуди во замена за сексуален однос е нешто што секако им следува по закон;
- Полициските службеници и лица што лажно се претставуваат како полициски службеници беа истакнати како изнудувачи на сексуални услуги во последните 5-10 години, особено кон сексуалните работници што работат на отворено.

### Пријавување и санкционирање на сексуална изнуда

- Во невладините организации се обраќале жени барајќи правни совети во случаи на сексуална изнуда. Една од жените што одбила сексуална изнуда вработена во здравството, добила отказ поради „несовесно вршење на работните задачи“ по што повела постапка, но истата не ја продолжила;

- Санкционирањето треба да биде насочено само кон изнудувачот што е во позиција на моќ.

### Законска регулатива

- Најголем дел од испитаниците од граѓанскиот сектор не се доволно запознаени со Законот за спречување корупција и судир на интереси и со тоа дали се соодветно регулирани сите форми на корупција со Кривичниот законик;

- Испитаниците сметаат дека во постојните кривични дела треба да се додадат елементи на сексуална изнуда потенцирајќи ги делата: изнуда, обљуба со злоупотреба на положбата и силувањето;

- Предложено е дефинирање на сексуалната изнуда и со Законот за спречување корупција и судир на интереси.

### Институционален одговор

- Во извештаите што Република Северна Македонија ги доставува до ГРЕКО нема направено врска меѓу корупцијата и родовата перспектива.

# Главни заклучоци




Препознавањето на сексуалната изнуда како форма на корупција и родово базирано насилство е карактеристично за правните експерти, академиците, пратеничките и претставниците од граѓанскиот сектор. Претставниците од локалната самоуправа гледаат на сексуалната изнуда како на општествен феномен што го препознаваат и посочуваат примери од секојдневното живеење, но не го перципираат како форма на корупција. Сите испитаници сметаат дека сексуалната изнуда е најмногу застапена во државната администрација, високото образование и бизнис секторот и дека најчесто се користи за вработување и за унапредување во Република Северна Македонија.

Според видувањата на сите испитаниците, **жртви на сексуална изнуда се најчесто младите жени**, а санкцијата треба да биде насочена кон тој што е во позиција на моќ односно ја врши изнудата. Иако сите испитаници сметаат дека сексуалната изнуда е многу застапена во нашето општество, велат дека недоволно се пријавува пред сè поради срам, страв од осуда и губење на работното место.

Најголем дел од испитаниците сметаат дека Кривичниот законик недоволно и/или несоодветно ја регулира сексуалната изнуда и се сложуваат дека сексуалната изнуда треба да биде инкриминирана како посебно кривично дело во Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Дополнително, испитаниците сметаат дека сексуалната изнуда треба да се дефинира и во Законот за спречување корупција и судир на интереси и во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство. Како голем проблем беше истакната несоодветната примена на постојните закони и немањето соодветен системски одговор, како и потребата од соодветни обуки за препознавање на сексуалната изнуда за релевантните чинители.

# Култура и свест

За да има ефективна заштита од сексуалната изнуда како дело од корупција, потребно е да изградиме култура на препознавање на делото, на промоција на емпатија кон жртвата на сексуалната изнуда и општа осуда на злоупотребата на јавната функција или овластувањето заради добивање сексуална услуга. Градењето на ваквата култура и свест, може да се основа само доколку имаме податоци за тоа колку ова коруптивно дело е распространето.

> „Се случува ако жена отиде да побара помош затоа што се соочила со сексуална изнуда, првично се обраќа во полиција за да стигне до решение на проблемот, но таму ќе ѝ се смеат. Ние сè уште немаме култура на тоа дека некој навистина има проблем, кој полицијата треба да го реши, да постапи по него, а не да ни се смеат, поради тоа што некој нè изнудувал бидејќи ние сме биле убави жени.“
> – Марта Гусар, адвокатка (интервју, 25.8.2021)

Со цел подетално испитување на состојбите со родовите форми на корупцијата во Република Северна Македонија, во јуни 2021 година агенцијата ТИМ Институт спроведе истражување на јавното мислење. Со истражувањето се опфатени 1.013 жени, од кои 55,8 % со средно образование, 24 % со високо образование и 20,2 % со основно образование и 58,8 % живеат во урбани, а 41,2 % во рурални населени места. При истражувањето е водено сметка за репрезентативноста на етничките заедници, па така 24,6 % од испитаничките се Албанки, 68,4 % Македонки и 7% им припаѓаат на другите помали етнички заедници.

Во фокус на истражувањето беше изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавниот сектор во замена за давањето на некоја јавна услуга, како родово-специфична форма на корупцијата. Како форма на корупција, изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавниот сектор во замена за давањето на некоја јавна услуга **ја препознаваат 78 % од испитаничките.** Повеќе од половина од испитаничките истакнале дека **носителите на јавни функции и овластувања кои имаат позиција на моќ се случува да бараат сексуални услуги наместо пари мито во замена за давање на јавната услуга за која се надлежни,** а 21,5 % од нив истакнале дека тоа се случува многу често.

Две третини од испитаничките сметаат дека изнудата на сексуални услуги во замена за добивање некоја јавна услуга се случува **и во јавниот и во приватниот сектор**. Институција во која испитаничките сметаат дека најчесто се случува сексуалната изнуда како форма на корупција е **државната администрација (на централно и на локално ниво)**. Следни институции каде што повеќе од половина испитанички истакнуваат мислење за присуство на сексуалната изнуда како форма на корупција се **образованието и здравството**. Најчестите ситуации во кои лицата што се на позиција на моќ бараат сексуални услуги во замена за давање на јавната услуга за која се надлежни се **вработувањето и унапредувањето**.

Повеќе од 63 % од испитаничките истакнале дека **не пријавуваат ниту лично ниту туѓо искуство** поврзано со оваа форма на корупција, но секако треба да се земе предвид дека пријавувањето на изнудата на сексуални услуги, остава простор за општествено етикетирање и непријатност, која се одразува на понатамошниот живот на жената. Една четвртина од испитаничките истакнале дека немале лично искуство, но познаваат некого кој минал низ оваа форма на корупција и **5,4 % испитанички кои лично доживеале и се справиле со последиците на изнуда на сексуални услуги**. Од овие 54 испитанички (5,4 %), само **20 изразиле подготвеност да го пријават овој притисок** и да се соочат со предизвикот за обелоденување на искуството (37 %).

Од вкупно 142 испитанички, 40 % или 57 од нив истакнуваат недоверба во системот со одговорот дека пријавувањето нема да има никаков ефект. **Кај 36 % или 51 испитаничка би преовладал срамот и осудата од околината поради кои не би пријавиле**, додека кај 20 % или 28 испитанички не би пријавиле од страв дека ќе бидат осудени дека самите се виновни или самите ја предизвикале изнудата на сексуални услуги. Поголем дел од испитаничките (околу 70 %) **сметаат дека изнудата на сексуални услуги како специфична форма на корупцијата не е доволно позната и препознаена во јавноста** – во дискусиите, во политиките и во законските прописи во нашата земја.

Компаративната анализа покажа дека културата на препознавање на ова дело на корупција се гради преку обуки, јавни кампањи и воведување кодекси на однесување, со кои се дисциплинираат обидите, односно се забрануваат дејствата на злоупотреба на јавната функција или овластувањето во замена за сексуален однос. Ваквите кодекси може во краток рок да помогнат и да ги премостат недостатоците на македонската правна рамка, која во моментов специфично не го уредува делото сексуална изнуда како дело од корупција. На пример, Кодексот на однесување и етика на комисијата за јавна служби на Уганда забранува „службениците да подведуваат некого на однесување од сексуална природа кое може да има влијание на неговото достоинство, кое не е добредојдено, не е рационално и претставува некаков вид напад врз лицето“[67]. Овој Кодекс предвидува и санкции како, на пример, суспензија на службата и компензација на жртвата како и отстранување од службата. Сепак, освен дисциплински постапки и губење на работното место, кодексите не може да регулираат други казни што ја ограничува донекаде нивната ефективност.

Не е само да се напише туку и да бидеме обучени да го примениме[68]. Спроведување програми за обука што ќе овозможат сите учесници во постапката, особено обвинителите, судиите, адвокатите, полицијата, но и лицата назначени за контакт лице за антикорупција, да се запознаат со делото, неговото битие, за да можат да го препознаваат и да го разликуваат од другите дела од корупција и другите дела од родово засновано насилство, како и постапката при постапување и заштита

[67] Цитирано во IAWJ, Marval O’Farrell Mairal, Thomson Reuters Foundation, 2018:8

[68] Марта Гусар, адвокатка (интервју 25.8.2021)

на жртвата при вакви дела. Во моментов имаме неколку земји што го регулираат делото, но постојат многу малку случаи на постапување по ова дело, вклучително и поради ниското ниво на свест, знаење и култура на главните актери што се вклучени во постапката. Ова го прави организирањето специјалистички обуки и активности за подигање на свеста кај претставниците на правдата приоритет за ефективно регулирање и заштита од сексуалната изнуда како дело од корупција.

Конечно, потребни се кампањи за подигање на свеста на целото население за да се разбијат стереотипите со кои се нормализирала практиката на сексуална изнуда и станала прифатлива дури и со помала вредност од поткуп на пример. Подигање на свеста дека делото постои, дека станува збор за дело од корупција и дека е распространето во земјата, регулирано и казниво според закон, треба да се спроведе по донесување на измените на законската рамка и специфично регулирање на делото. Притоа, посебно внимание треба да им се посвети на самите медиуми, кои специфично треба да се таргетираат со обуки за тоа како да известуваат во случаи на сексуална изнуда за да не направат зло и ги доведат жртвите во уште поранлива ситуација од којашто биле.

# Препораки

## Препораки за правно регулирање на сексуалната изнуда како форма на корупција

- Соодветно дефинирање, инкриминирање и санкционирање на сексуалната изнуда со Кривичниот законик на Република Северна Македонија;
- Дефинирање на психичката принуда односно психичкиот притисок во Кривичниот законик;
- Дефинирање на сексуалната изнуда во Законот за заштита и спречување на насилство врз жени и семејно насилство и воспоставување итни мерки за превенција и заштита;
- Дефинирање на сексуалната изнуда како коруптивно дејство во Законот за спречување корупција и судир на интереси;
- Усогласување на Законот за работни односи и Законот за заштита од вознемирување на работно место со Конвенцијата 190 на Меѓународната организација на трудот;
- Дефинирање на сексуалната изнуда во Законот за високото образование;
- Опфаќање со закони на сите облици на сексуална изнуда како и на сите потенцијални сторители;
- Следење и евалуација на спроведувањето на законите на секои 2 години.

## Препораки за ефикасен институционален одговор при случаи на сексуална изнуда

- Вметнување на родовата перспектива во Годишниот план за спречување корупција на Министерството за труд и социјална политика;
- Вметнување на родовата перспектива во работата на Државната комисија за спречување корупција;

- Воведување правилници и внатрешни протоколи за превенција и спречување корупција вклучувајќи и родови форми на корупција во јавните и во приватните институции;
- Воспоставување функционален систем на пријавување сексуална изнуда;
- Подигнување на свеста кај населението за постоењето на проблемот и поттикнување на пријавување;
- Зголемување на бројот на жени на лидерски позиции како во јавниот така и во приватниот сектор;
- Зголемување на бројот на жени во политиката, особено на локално ниво;
- Намалување на стапката на невработеност;
- Ограничување на бројот на мандати на лидерските позиции во јавниот сектор;
- Родова сензибилизација и редовна едукација на полициските службеници.

## Законодавна препорака за регулирање на сексуалната изнуда во Кривичниот законик

Моментална законска регулатива:

**Обљуба со злоупотреба на положбата**

**Член 189**

(1) Тој што со злоупотреба на својата положба ќе наведе на обљуба или друго полово дејство лице кое спрема него се наоѓа во однос на подреденост или зависност или со иста намера го малтретира, застрашува или спрема него постапува на начин со кој се понижува човековото достоинство и човековата личност, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член го изврши крвен сродник во права линија или брат, односно сестра, наставник, воспитувач, посвоител, старател, очув, маќеа, лекар или друго лице со злоупотреба на својата положба или при вршење семејно насилство ќе изврши обљуба или друго полово дејство со дете кое наполнило 14

години кое му е доверено заради учење, воспитување, чување или нега, ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(3) На сторителот на делото од ставот (2) судот ќе му изрече забрана за вршење професија, дејност или должност под условите од членот 38-б на овој законик.

Заради некористење на терминот „сексуален/на" во Кривичниот законик, а користење на терминот „полов/а" се предлага следнава измена:

## Предлог 1

Измена на називот на делото од „обљуба" во „полов однос со злоупотреба на положба"

Опција 1

Дополнување на став 1

Тој што со злоупотреба на својата положба ќе наведе на *полов однос* или друго полово дејство лице кое спрема него се наоѓа во однос на подреденост или зависност „*со искористување на положба, на потреба или зависна врска заснована на вработување, подредена положба или друга зависна врска кога сторителот очигледно ја користи оваа зависност*" или со иста намера го малтретира, застрашува или спрема него постапува на начин со кој се понижува човековото достоинство и човековата личност, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Опција 2

Измена на постојниот член со став (3), кој ќе гласи:

(3) Ако делото од ставот (1) на овој член се изврши со искористување на положба, на потреба или зависна врска заснована на вработување, подредена положба или друга зависна врска кога сторителот очигледно ја користи оваа зависност, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Постојниот став 3 ќе стане став 4 и ќе гласи:

(3) На сторителот на делото од ставот (2) и ставот (3) судот ќе му изрече забрана за вршење професија, дејност или должност под условите од членот 38-б на овој законик.

## Предлог 2

Се предлага воведување нов член и кривично дело, кое ќе гласи:

Член 189-а

„Полов однос со злоупотреба на положба“

(1) „Секое лице кое ќе користи закани, сила или психолошки притисок да поттикне друго лице кое поради имотна, семејна, општествена, здравствена или друга положба или тешка состојба се наоѓа спрема него во зависна положба, да изврши или да се подведе на полов однос или друго полово дејство со искористување на положба, на потреба или зависна врска заснована на вработување, подредена положба или друга зависна врска кога сторителот очигледно ја користи оваа зависност, ќе се казни со затвор најмалку пет години.“

(2) На сторителот на делото од ставот (2) судот ќе му изрече забрана за вршење професија, дејност или должност под условите од членот 38-б на овој законик.

Покрај инкриминирање на делото сексуална изнуда, предлагаме и негово дефинирање и регулирање во следните граѓански закони:

## Нацрт-одредби за регулирање на сексуалната изнуда во Законот за спречување корупција и судир на интереси

Се предлага во делот „Значење на изразите употребени во овој закон“ односно во член 8 да се дополни став 5 и да гласи:

(5) Под поимот „корист“ се подразбира остварување на секој вид материјална, нематеријална *или социјална*, придобивка, погодност, сексуална *услуга* или предност за себе или за друг.

Во истиот член 8 се предлага воведување на став 12, кој ќе гласи:

(12) Под терминот „родова форма на корупција“ се подразбира злоупотреба на положба насочена кон предизвикување материјална или нематеријална штета врз жените и/или несразмерно ги погодуваат жените. Родовите форми на корупција врз жените ги опфаќаат причините и резултатот од нееднаквиот однос на моќта помеѓу жените и мажите како резултат на општествен, а не индивидуален проблем.

# Нацрт-одредби за регулирање на сексуалната изнуда во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство

Во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство се предлага дополнување на Поимникот односно член 3 со став 26, кој ќе гласи:

(26) Сексуална изнуда претставува наведување на сексуален однос или на друга сексуална активност со искористување или злоупотреба на положба, на потреба или зависна врска заснована на вработување, подредена положба или друга зависна врска во замена за услуга, добро, пристап до ресурс со кое лицето на позиција на моќ управува, за кое одлучува или со кое раководи.

# Анекс I

## Список на интервјуирани релевантни чинители:

- Билјана Ивановска, претседателка на Државната комисија за спречување корупција
- Владимир Георгиев, член на Државната комисија за спречување корупција
- Габриела Гајдова, судијка во Основен суд – Велес
- Лидија Раичевиќ, јавна обвинителка во Основно јавно обвинителство – Скопје
- Александар Маркоски, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство – Скопје
- Марта Гусар, адвокатка во Адвокатска канцеларија „Марта Гусар“
- Наташа Габер Дамјановска, директорка на Академија за судии и јавни обвинители
- Анета Арнаудовска, регионална експертка од областа на корупцијата
- Николина Кениг, редовна професорка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет
- Љупчо Николовски, заменик-претседател на Владата за борба против корупцијата и криминал, одржлив развој и човечки ресурси
- Елена Гроздановска, државен советник за родова еднаквост и недискриминација, Министерство за труд и социјална политика
- Светлана Цветковска, раководител на сектор за еднакви можности, Министерство за труд и социјална политика
- Елена Димовска, советник за следење на антикорупциската правна рамка, Министерство за правда
- Гордана Силјановска, претседателка на Комисијата за еднакви можности при Собранието на Република Северна Македонија
- Жаклина Пешевска, пратеничка и претседателка на Унија на жени на ВМРО-ДПМНЕ
- Снежана Калеска Ванчева, пратеничка и координаторка на Форум на жени СДСМ

## Список на претставници од единиците на локалната самоуправа со кои се одржани фокус групи:

- Сузана Петровска, координатор за еднакви можности – Општина Делчево
- Емилија Ѓурчиновска Матевска, координатор за еднакви можности – Општина Гази Баба
- Кире Ѓоргиевски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси/ лице одговорно за внатрешно пријавување корупција – Општина Битола
- Убавка Стојанова, заменик-координатор за еднакви можности на Општина Центар
- Марија Гоцева, лице одговорно за внатрешно пријавување корупција во Општина Центар
- Славица Димова, координатор за еднакви можности на Општина Свети Николе
- Азра Садику, координатор за еднакви можности на Општина Гостивар

## Список на претставници од граѓанскиот сектор со кои се одржани фокус групи:

- Миша Поповиќ – Институт за демократија „Социетас цивилис“ – IDSCS
- Маја Атанасова – Здружение на млади правници
- Марија Тодоровска – Отворена порта – Ла страда
- Ана Аврамоска – Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство
- Наташа Бошкова – Коалиција „Маргини“
- Лила Милиќ – Стар-стар – Прв колектив на сексуални работници на Балканот
- Ина Џугуманова – Хелсиншки комитет за човекови права

